## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Второто продолжение на Четириесет и втората
## седницата на Собранието на Република Македонија,
## одржана на 14 април 2000 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше д-р Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратеникот Радомир Карангелески ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Ве молам, пред да почнеме со работа да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните во салата, дали можеме да работиме.

Ве молам вклучете го системот. (По притискањето на копчињата).

Вкупно се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Процедурално, пред да поминеме на амандманите, побара збор координаторот на Пратеничката група на ПДП господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседателе, дами и господа, би ве замолил, заради партиски активности кои попладнево ги имаме, доколку е можно да работиме до 15,00 часот, а после да прекинеме, за да можеме ние да присуствуваме на тие активности. Целата пратеничка група на ПДП е ангажирана.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ќе го прифатам барањето на ПДП, но затоа би ве молел да бидеме по концентрирани, да бидеме во салата за овие три часа и да сработиме нешто повеќе отколку друг пат.

Според тоа, како и во други ситуации кога и другите политички партии побарале, заради свои состаноци, ќе биде удоволено и барањето на Пратеничката група на ПДП.

Минуваме на првата точка, односно продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 5, за додавање нов став 1 поднесен од пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани.

Молам, дали некој бара збор?

Има збор претставникот на Владата, господинот министер за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, прво ќе го искажам моето мислење да кажам дека добро направивме синоќа што ја прекинавме расправата, бидејќи бевме изморено, па денес ќе имаме можност да се до изјасниме, затоа што некои полемики може да произлезат од не доразбирања и од замор, а помалку од не согласување. Затоа јас уште еднаш сакам да го искажам тоа мислење, што сакав јас заправо да поставам како потписник на овој амандман, со истиот.

Прво, на нас не ни е целта да ја рушиме конструкцијата на самиот закон. Јас лично ќе гласав за Законот, кога беше гласањето на Законот како целина. Не ми е целта ниту да ја разводниме конструкцијата на работите што треба да бидат прифатени, па и од финансиски аспект, туку целта ми е, бидејќи се работи за една група луѓе кои после 60-тите, а можеби после 50-тите години поради идеолошки причини беа принудени или со нивна лична желба, да се оддалечат од Македонија. После тоа, следуваше една констатација од одредени служби дека тие некаде во Америка, Австралија, Белгија, Албанија па и Турција, каде што заминаа, се занимаваа со непријателска активност, која тогаш се карактеризираше како против државна активност и на нив им беше одземено државјанството без никаква процедура. По сила на законот им беше национализирана и одземена нивната сопственост.

За тоа целта на мене ми е, штом законот е така широко поставен и ги задоволува барањата, сакав и оваа група на луѓе, без разлика на тоа што им е одземено

државјанството, а се осеќаат државјани на Република Македонија и би се вратиле да живеат тука, со одреден капитал, да им овозможиме и тие да искористат тоа што им следува од овој закон. Ако не можат да бидат прави сопственици, затоа што веќе се работи за промена на генерации, барем да има законско право на наследство. Тоа ми беше целта.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Азис Положани, за дообјаснувањето по поднесениот амандман.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Мухамед Тахири.

**МУХАМЕД ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овој амандман треба да се прифати, бидејќи на група граѓани им е одземено правото на учество за враќање на својот имот. Таа група граѓани се сите тие што имале имот во тоа време, а кој им бил национализиран, а тие биле државјани на Република Македонија. Затоа мислам дека овој амандман треба да се прифати.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јави министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Прашањето за државјанство е предмет на друг закон и Законот за денационализација само ги почитува одредбите на тој закон што го уредува државјанството. Така да тука не можеме било каква интервенција да направиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека е несериозно образложението на министерот, од причина што апсолутно не е точно дека не може да има интервенција во овој закон. Друго е политиката за која ќе се определи Владата, парламентарното мнозинство дали ќе го прифати државјанството како услов за стекнување на правото за враќање на имотите и тоа може да се почитува до ниво на политика, во определба на една власт. Не држи констатацијата дека не е предмет ова прашање на Законот за денационализација, од проста причина што токму прашањето на државјанството се поставува како услов.

Од тие причини во Законот може да се направи интервенција и те како и да се овозможи државјанството да не биде еден од условите за враќање на имотите.

Ние цениме, наша политика е дека тој услов не треба да постои во законот, од причина што тоа ќе биде голема пречка за еден широк круг на граѓани кои не по нивна волја беа принудени да се откажат од државјанството на Република Македонија или им било укинато, односно одземено.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

16 пратеници гласаа "за", 8 "воздржани" и 42 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 за додавање нов став, поднесен од пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 6 за менување на став 1 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Положани, ние веќе завршивме со гласањето по амандманот.

Веќе не може расправа по него.

Господинот Положани сака процедурално да се произнесе.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Се согласувам со вас претседателе, го почитувам редот, но сакам само едно објаснување и второ да дадам една сугестија.

Јас намерно тоа не го кажав пред гласањето, затоа што очекував амандманот да биде прифатен од страна на пратениците, но тој не се прифати, демократијата е диктат на мнозинството и тоа јас го прифаќам.

Но, бидејќи и самиот министер рече дека тој може да биде предмет на Законот за државјанство, а бидејќи Законот за државјанство, значи штом не пропуштивме сега прилика да интервенираме и во овој закон, јас сепак останувам со надеж дека и

во Законот за државјанство, на кој што му претстои едно ретуширање, што е препорака од Советот на Европа за едно догледно време да се направи, би препорачал, заради истата цел што погоре ја спомнав, за оваа група на граѓани, да се најде можност, кога ќе се донесе овој закон, за враќање на државјанството по овој основ, по кој им е одземено и на тој начин да им се овозможи правото на наследство. Тоа како моја препорака.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред господине Положани, тоа ќе биде како сугестија тогаш кога ќе го разгледуваме и за едното и за другото министерство, кое што го предлага.

Сега да се вратиме на претходниот амандман.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе дали се прифаќа амандманот.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот на член 6 поднесен од Законодавно - правната комисија, се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 за додавање нов став 3 во ставот 2 поднесен од пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Ние со ова бараме да се овозможи, доколку поранешниот сопственик докаже во постапка дека за одземениот имот не му бил определен правичен надомест, ќе му се плати разлика според утврдената правична вредност за одземениот имот. Во образложението точно стои дека причината за ова е тоа што голем број на случаеви при одземање на имотите, не бил определен правичен надоместок. Тој едноставно е определен со општинска одлука или од страна на корисникот, па мислам дека со една таква интервенција би овозможиле навистина да се изврши надокнадување на оштетените по правичен начин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам господине Положани.

Збор побара министерот за финансии Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи, имот за кој бил определен и примен надоместок не е предмет на денационализација и тоа согласно одредбите на постоечкиот закон, без овие измени, доколку имотот постои, барателот може да побара да ги врати средствата што ги примил и да стане предмет на денационализација. Тоа е член 7 став 2 од стариот закон, не од овој што сега вршиме измени.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

16 пратеници гласаа "за", 7 "воздржани" и 43 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 7 точка 3, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од Законодавно -правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 по новиот член 9-а точка 1 поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа.

За збор се јави пратеникот Борислав Трповски.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, овој амандман Владата треба да го прифати, бидејќи со овој нов став во точка 1 на новиот член 9-а доаѓа до разврска на одредени нејаснотии кои се јавуваат во праксата.

Имено, ние веќе имаме случаеви одреден имот да биде предмет на приватизација, а тој имот порано бил сопственост на поранешните сопственици и во праксата имаме случаеви на покренување на судска постапка во однос на самиот процес на приватизација, каде веќе имаме и конкретно добиени судски пресуди во однос на, било да е тоа времена мерка или постапката е во тек околу самиот процес на приватизација. Ако не се прифати овој нов став, ќе имаме случаи поранешните сопственици ќе немаат можност за еден таков став да го остварат своето право по однос на она што претставува предмет на приватизација, бидејќи тука е резервиран одреден дел на имотот за поранешни сопственици, кои не е соодветен на вредноста на нивниот имот, како поранешни сопственици и единствено останува по судски пат да го остварат тоа право.

Според тоа мислам дека, со дополнување на еден нов став на оваа точка ќе бидат разрешени многу прашања кои во праксата, сакале или не се присутни или ќе бидат присутни во понатамошниот тек на процесот на денационализација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам за дополнителните објаснувања на господинот пратеник Борислав Трповски.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Јас незнам каде се осипа членството. Имаме само 60 пратеници.

Ги молам пратениците кои во меѓувреме излегоа, а ги имавме 67 на почетокот, да влезат во салата.

Добро, во меѓувреме дојде уште еден пратеник.

Молам, да го повториме уште еднаш гласањето.

23 пратеници гласале "за", 5 "воздржани" и 39 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 во неговиот член 9-а, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8-а, поднесен од пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа. Дали некој бара збор?

Има збор пратеникот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Јас тргнувам од таа претпоставка што министерот рече дека ќе помине некој амандман и од опозицијата. Па така, се надевам дека, всушност, се надевав дека ќе прифати нешто, но амандманот очигледно е поради прецизирање на постапката, каде што ќе дојдеме до пазарната вредност, правичната пазарна вредност на имоти што не се денационализираат.

Така, очекував поддршка од пратениците.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Азис Положани.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

14 пратеници гласаа "за", 44 пратеници гласаа "против", 8 пратеници се "воздржаа од гласање".

Констатирам дека Собранието на го усвои амандманот за додавање нов член 8-а, поднесен од пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 9 и за додавање нов текст по уводната реченица, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Го прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 12, став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16 по новиот член 22-6 точка 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа по овој амандман. Дали некој бара збор?

За збор се јави г. пратеник Жарко Караџовски.

**ЖАРКО КАРАЏОВСКИ:**

Почитуван претседателе, како член на ЗПК, би сакал да образложам што е целта на поднесениот амандман. И во расправата на Комисијата и во присуство на министерот изградивме став дека градежното земјиште треба да се враќа во сопственост, само единствено кога не е реализирана целта, заради која и било одземено градежното земјиште.

Ова од аспект на тоа што во втората алтернативна препорака во членот како што го предлага предлагачот, можат да произлезат правни последици, кои ќе имаат консеквентни не добри решенија.

Од тие причини и како комисија го поддржавме овој амандман, па би сугерирал доколку министерот внимателно го разгледа да го прифати. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Жарко Караџовски за дополнувањата во образложението.

Го молам министерот за финансии да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овде не е сфатена суштината. Имаме две ситуации.

Една кога градежното земјиште не е изградено, на него нема ништо изградено, а втората е кога е реализирана целта. Значи, првата е кога не е реализирана целта.

Втората е кога е реализирана целта, но да кажеме дека тоа се ретки ситуации, меѓутоа, можат да постојат. Да кажеме, меѓувреме срушен објект од разноразни причини и тогаш повторно градежното земјиште е празно и е предмет на денационализација.

Значи, се работи за таква ситуација и затоа, веројатно, тешко се случуваат недоразбирања.

Владата останува на тоа дека не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Владата си остана на своето мислење со ова образложение.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

25 пратеници гласаа "за", 33 пратеници гласаа "против", 14 пратеници се "воздржаа од гласање".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 по новиот член 22-6, точка 2 поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 18 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се извинувам и на член 17 има амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За менување на член 18, така има.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Член 18 од ЗПК се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 21 за менување на уводната реченица, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за преформулирање на член 22 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Се прифаќа и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 23 и 24 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 1, став 2 за менување на став 3 за додавање нов став по ставот 3 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 26, став 2 поднесен од пратениците: Александар Гештаковски, Никола Поповски, Борислав Трповски и Благој Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Отворам расправа.

За збор се јави г. пратеник Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници и во општиот претрес јас укажав на овој амандман и беше најавен дека поднесен таков амандман. Сега би сакал накратко да повторам, ако министерот стои цврсто на своите ветувања пред овој Парламент и ќе почне со работа веќе од недела како што кажа, за да се реализира овој закон, де факт, а не само де јуре, со што се сложивме сите пратеници, треба овој амандман од страна на пратениците да биде прифатен. За што се работи?

Се работи за тоа од платата на обврзниците, кои ќе се даваат како надомест за денационализираниот имот, односно за национализираниот имот, да почне со рок на доспевање од 1 јули 2001 година, а не како што е во законот во текот на 2003 година, а во тој контекст е и другиот амандман.

Затоа сметам дека сите рокови се исполнети.

Една од битните претпоставки е и тоа што постапката за денационализација е итна. Се согласивме дека основа е законот донесен од 1998 година, барањата се поднесени и уште еден аргумент, да не повторувам, обврзниците што би се користеле и за самиот процес на трошоците за национализација, односно за денационализација.

Затоа, сметам и пратениците кои бараа да се реализира и кои имаа критики, да се прифати овој амандман и поранешните сопственици со своите обврзници да можат да ги примаат на 1 јули 2001 година. И понатаму останува обврска на овој Парламент и на Владата да предложат закон до наведениот период.

Затоа јас се обраќам до пратениците, а и министерот не даде подетално образложение зошто не го прифаќа овој амандман, а особено сакам да истакнам на обврските кои претстојат пред Република Македонија и во Буџетот на Република Македонија, кои сите концентрираат на еден период некаде 2002 и 2003 година. Буџетот на Република Македонија по основот на странскиот долг, по основот на денационализација, по основот на обврзниците издадени за санација на банките и исто така со влегување во сила на Законот за ПИО, ние во еден огромен дел на буџетските средства ќе бидат наменети некаде 2003 година за сервисирање на овие обврски. Беше и основниот аргумент на вчерашната расправа во општиот претрес, беше истакнувано зошто претходната Влада не го реализира. Истото се случува и со оваа Влада. Најлошо во Република Македонија е една Влада да ги префрлува обврските на друга Влада. Исто ќе се случи како и со претходниот закон. Законот за обврзници нема да се донесе, бидејќи како што е предвиден, кој се предвидува да се донесе и некаде да се почне со работа во 2002 година, ќе влеземе во предизбориево 2002 година некаде во јуни Парламентот не ќе работи, ни законот ќе се донесе за обврзници, ни граѓаните на Република Македонија нема да добијат обврзници.

Затоа, доколку дозволуваат материјално - финансиските можности во Буџетот за 2001 година би требало да има стапка за сервисирање на обврзниците. И, тогаш на граѓаните на Република Македонија и ние како пратеници ќе ја

исполниме обврската за денационализација де факто.

Инаку, е спорен износот кој би останал и не држат објаснувањата во работните тела дека прво треба да се процени кој е износот, па да се даде емисија на обврзници. Бидејќи со самиот закон постапката е итна. Во рок од 1 месец се поднесуваат барањата. Владата е задолжена да ги поднесе законските акти. Јас потенцирам барањата за денационализација се веќе поднесени, се во службите за имотно - правни работи, министерот кој орган ќе формира, бидејќи е нејасно дали една комисија, дали постојните, но тие и во овој закон го решава прашањето ќе ги преземат поднесените барања од граѓаните. Условите се зрели и сметам дека овој амандман би требало да се прифати. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Александар Гештаковски, за објаснувањето на предложениот амандман во име на четири пратеници.

За збор се јави министерот за финансии г. Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Обврзниците ќе се издадат во оној момент, тоа е после две години, кога претходно ќе се искористат сите можни други начини, прво, да се врати имотот или да се даде надомест. Оној момент кога процедурите ќе завршат, кога сите комисии ќе ги исцрпат сите можни други начини, ќе се види кои од оние кој што бараат имот за денационализација, сеуште не е обесштетен и тој износ ќе биде предмет за издавање на државни обврзници. Меѓутоа, за да се дојде до тој износ, потребен е период во кој што ќе се разгледуваат сите предмети поединечно и ќе се видат сите други можности.

Оттука, оценето е дека 2002 година е доволна за период кога би се работело на обврзниците. Така што, не станува збор за префрлање или нешто друго, особено што ние очекуваме тој износ на обврзници да биде доста мал и обврзниците ќе бидат на долг рок. Тоа добро го знаат и оние граѓани кои што чекаат имотот да им биде денационализиран и самите тие изјавуваат дека многу мал дел од нив ќе отидат на варијантата на државни обврзници. Потоа, имавме прилика да го слушнеме во медиумите и од претседателот на ова здружение. Така што не се согласувам со овој амандман, бидејќи едноставно не држи.

Инаку, што се однесува до тоа дека оваа Влада префрла обврски на следната, не станува збор за такво нешто, само можеме да разговараме за обратна ситуација каде што имаме стотици и стотици обврски долгови прифатени од претходната Влада, што сега треба оваа Влада да ги враќа. И оваа генерација сега треба да ги враќа тие долгови. Каде и да влезете во кои институции да влезете, во кој дел на државата да влезете, ќе видите огромни долгови, огромни загуби, огромни дубиози, кои што денеска оваа Влада настојува да ги разреши и да ги врати.

Секакви инсинуации за тоа дека оваа Влада создава долгови незнам колкави за следната, се не прифатливи. Секако, дека некој отворени прашања што не ги затворила претходната Влада, а имала 8 години тоа да го направи, ние мораме да ги затвориме. Тоа не значи префрлање на другите генерации, намерно префрлање на товар на другите генерации или на некоја идна Влада. Тој проблем што не бил решен, еден ден мора д се реши. Инаку и нивното решение порано предвидуваше долгорочни обврзници. Што ќе значеше тоа. За 30 години префрлање на долгот за наредните 30 години.

Така што, сепак ова влегува, веројатно во доменот на политичкиот маркетинг. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. министер.

Дали некој друг бара збор.

За збор се јави г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, господа пратеници, и почитуван г. министер, овој последен дел од излагањето на г. министер ќе го прескокнам и мислам дека станува обичај оваа Влада кога има закон, особено во сферата на финансиите со кои не може да најде рационално образложение зошто одложува обврски кои ги презема Владата. Тогаш се префрлува на разговорите за минатата Влада и мислам дека тоа станува сосема не соодветен метод на образложение зошто нешто се отфрла.

Би сакал како потписник на овој амандман да предочам неколку факти. Самата Влада и самиот министер претендира дека понудува закон со кој, прво, ќе се задоволи правдата. Второ сите граѓани ќе бидат правично обесштетени. Мислам дека со неколку одредби што се вградија во измените на постојниот закон, иако г. министер не уверува во обратното, всушност

овој закон чекори во насока да создаде една, по мое видување, помала група на привилегирани граѓани, кои ќе имаат бенефиции од Законот за денационализација. Зборувам во рамките на оние граѓани кои треба да се обесштетат. И една многу поголема група, која треба да се обесштети, а ќе влезе во онаа Б - категорија на луѓе кои ќе добијат обврзници и кои, очигледно овој закон ќе ги третира како помалку рамноправни, дури и од временски аспект и од материјален аспект ако така ги обесштетува. Зошто ова го велам?

Прво, во законот се внесе една одредба по мое видување сосема непотребно да се внесе во овој закон, а кога веќе се внесе, таа мораше да биде детално разработена. Имено, се работи за одредбата под овој закон, која многу реферира, кореспондира со овој амандман кој сега е поднесен, тоа се одредбите од членот 2 на овој закон, во кој кажува дека се враќа имот, односно се дава надомест за имот на физички лица, на верски храмови, манастири и вакави. Вметнувањето на одредбите дека со овој закон во иста процедура и под исти услови ќе се враќа имотот и на верските храмови или заедници, било како да ги кажеме и ништо понатаму не објаснувајќи за овој случај, по мое длабоко уверување ќе го доведе законодавецот и оној кој ќе треба да го изврши законот во ситуација вкупната вредност на имотот, кој ќе треба да се денационализира, било да се враќа во натура постојниот или друг за замена, било да си даваат обврзници, ќе го зголеми вкупниот товар на државата по овој основ во истиот буџет, во истите рамки, во истите раздели со кои што тоа ќе се обесштетува за многу поголеми рамки, за кои за жал и Министерството за финансии и Владата немаат никакво согледување. По мое длабоко уверување, заради начинот на кој се национализирани имотите на верските заедници, поради судбината на тие имоти денес, тие најчесто се наоѓаат во сопственост на некои други физички лица, за нив ќе треба да се издаваат обврзници. Тие обврзници многу ќе ја зголемат вкупната вредност на обврзниците по основ на денационализација на физичките лица. Тоа ќе ги доведе во непријатна ситуација токму овие. Затоа што Владата нема пресметка кој е тој имот, не може да утврди сега колку ќе враќа и колку ќе има за надомест и всушност, по мое длабоко уверување ќе се зголеми општиот износ на обврзници кој ги издава Владата.

Кога е веќе така, кога веќе законот претендира во рок од неколку месеци поднесувањето на овие измени од законот, веднаш да пристапи кон враќање на имотот на оние чиј имот е можно да се врати, тогаш не гледам никаква причина, Законот за една група на граѓани да почне да дејствува во 2000 година, а за друга група на граѓани кој ќе бидат по овој закон, веќе едни хендикепирани, зашто не им се враќа имотот, туку ќе им се дава надомест не само што по тој основ ќе ги хендикепираме, туку грејс периодот на нивниот надомест сега се пролонгира за три години.

Второ, треба да имаме предвид дека оваа Влада сега предлага решение со кое веќе стекнатото право на овие граѓани, јас мислам дека тука дури и од уставен аспект ние можеме да гледаме дали некое решение кое е сега по неповолно за нив, може да дејствува, тие граѓани требаше по постојниот закон на 1 јули да ја примат првата рата од обврзниците за 2000 година.

Владата имаше доволно време од укинувањето на одредбите на Уставниот суд во 1999 година, пред една година до денес, да го усогласи законот и да влезе во варијантата во која обврзниците предвидени за 2000 година што можеме да го сметаме за стекнато право на овие граѓани, затоа што законот стапи на сила со објавувањето во Службен весник, сега да го пролонгира за уште три години. Или, всушност, да обезбеди со тој временски период, кој веќе беше даден до 2000 година, вкупно 4 години грејс период за оваа група на граѓани.

Јас ќе молам само за тишина во моето соседство, за да можам да дискутирам, ќе ве замолам за потивко, зашто се деконцентрирам.

Ќе ве молам, да имаме предвид дека групата на граѓани на кои ќе се издадат обврзниците, не само што ќе бидат хендикепирани по основ дека се обврзници, а не имот, туку по основ дека тоа ќе им се враќа во 30 годишни рати. Сега, ако земеме еден случај некој да го стекне целиот свој имот со денационализација веднаш, а некој после три години да почне со обврзници да му се отплаќа во наредните години по закон, тој по дупла основа веќе е хендикепиран. Така што сметам дека исплаќањето од 2001, за што може да се стекнат услови, како што предлага амандманот, веќе од наредната година обврзниците да стапат на сила и покрај тоа што господинот министер даде образложение сега дека има време, процедурата по законот што е на сила се

заврши. Сите кои имаа барања за денационализација, веќе ги поднесоа барањата. Органот на управата ги има и може да ги обработи многу брзо.

Она што сакам посебно да го кажам, она што господинот министер на што се повика на крајот, мислам дека тоа почнува да служи како еден вид алиби на министерот и мислам дека господинот министер, би било почесно, пофер, да не биде доведен во заблуда.

Имаме и ние допис овде од Здружението за заштита на интересите на сопствениците на одземените имоти. Претседателот на Здружението, односно претседателката, која во јавноста ги изнесува ставовите и нам ни праќа писмо на поддршка на Законот, има лични интереси, има лични интереси. И, таа, во овој случај ги застапува интересите само на оној вид на граѓани кои бараат денационализација, а според овој закон за кој се знае дека ќе им се врати имотот веднаш. Меѓутоа, таа во тоа писмо, во тоа барање до министерот, како поддршка не ги застапува интересите на поголемиот број граѓани што би требало да ги претставува, а за кои имотот ќе им се враќа во вид на надомест со рати, по закон на обврзници што допрва треба да се донесе и кој што ќе стартува сега според овој предложен закон, дури од 2003 година. Така што, сметам дека не би било добро тоа писмо да се зема како аргумент, затоа што тоа писмо нема веќе, со вака изменетиот Закон, сериозна поддршка на Здружението, затоа што сите оние кои добиваат надомест, а нема да им се враќа, се сосема исклучени од логиката што тие, преку ова писмо на претседателката го претставуваат.

Од тие причини, сметам дека би било добро уште еднаш да се размисли од страна на Владата овој амандман да се прифати. Инаку, сите други објаснувања дека Законот ќе исправи една неправда, ќе ги доведе бившите сопственици во ситуација да не им се исправи ништо од неправдата во наредните три години. А, со оглед на бројот на обврските што ги презема Законот, тој број ќе се зголеми сега. Сето она што требаше во вид на враќање на имот или замена со друг имот се зголемува по пат на инволвирање на верските заедници до таа мера што и тие, еден голем дел од колачот ќе претендираат по тој основ да го земат. Се намалува можноста за давање на друг имот на оние на кои надоместок им следи. Се зголемува бројот на побарувачите, имотот во Македонија, знаете, Македонија е условно да кажам "државата на еден кат", а не е држава на "четири ката", па да доградуваме земјиште за распределба на втори, на трети кат и во тој случај.... (Реакции во салата).

Господине Борче Сибиновски, ако имате нешто да кажете повелете.

(Претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Во таков случај, кога рапидно се зголемува бројот на субјектите, кои по овој закон побаруваат надомест на друг имот, бројот на луѓето и правата по обврзници ќе растат. Во тој случај ќе расте и бројот на обесправените во наредните три - четири години, додека стапи на сила Законот за надоместок со обврзници.

Во тој случај, сметам дека, ако министерот сака поголем број на луѓе кои бараат обештетување по Законот за денационализација да води сметка, како министер на Република Македонија и ние, како Собрание на Република Македонија, тогаш треба да го решаваме проблемот на поголемата група луѓе.

Се разбира дека господинот министер даде една изјава дека тоа ќе биде мал процент. Доколку е така, не гледам причина зошто во 2003 да отпочне отплатата на обврзниците. Ако е мал процент, ќе биде и мала обврската на државата по тие обврзници. Меѓутоа, она што мислам дека сите ние сосема јасно го имаме предвид, за што немаме од Министерството никаква квантификација, е дека бројот на обештетување по пат на издавање обврзници ќе биде поголем од имотот што ќе се враќа во натура.

Од тие причини, ако сакаме да бидеме праведни кон поголемиот дел на овие луѓе, сметам дека треба сериозно да се размисли за овој амандман. Ако мислиме да ја покриеме јавноста, дека Здружението тоа го бара на тој начин што претставува помал број и дали воопшто, има легитимитет веќе на тој начин да претставува, мислам дека ќе направиме уште една неправда. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Никола Поповски.

За збор се јави министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Сакам да укажам на тоа дека почитуваниот господин пратеник Никола Поповски, си постави неколку тези на погрешна основа и потроши едно 20 минути на овој Парламент да мора да го слушаат, па

дури ги предупреди луѓето внимателно да го слушаат, без разлика дали за тоа се заинтересирани или не.

Значи, апсолутно сите тези што ги изнесе господинот Поповски се или предимензионирани или осмислени, без никаква основа. Станува збор за момент кога треба да се оцени колкав е точниот износ на тие обврзници. Или, бидејќи е мал бројот, бидејќи министерот цени дека ќе биде мал процентот, ајде да ги издадеме уште денеска.

Идејата на овој закон е, прво, се што може да се врати да се врати. Тоа што не може, да се даде надомест. Да се понуди надомест. Во оние случаи, има некаде зградата да е срушена, како ќе се врати таа зграда. Како ќе му ја вратиме зградата ако е срушена, еве нека ми одговори.

Во такви ситуации каде што не може да се даде надомест на било кој начин, каде што не може да се постигне решение, во тој случај ќе се оди на издавање државни обврзници, откако ќе се констатира дека сите тие случаи, ќе се види нивната вредност и ќе се издаде емисија на обврзници. Емисија на обврзници се издава на точен износ. Не може напамет да кажеме издаваме емисија на обврзници, а не знаеме колкава и колку.

А, тоа што го зборува за легитимитетот на Здружението, поголеми инсинуации не можам да замислам. Здружението има легитимни органи, избрани таму, веројатно нивни тела и т.н. и одеднаш, на еден пратеник му текнува да го оспорува тоа. Згора на тоа, едно десет минути да кажува приказни дека тоа е така.

Апсолутно, сите тези што беа наведени, не се точни.

Инаку, за моето алиби дека често пати сум се навраќал на она во минатото, јас не сум виновен што во минатото Владата на СДСМ, многу работи остави отворени и не ги заврши. А, денеска не  потсетува дека ние сме доцнеле неколку месеци за тоа. Извинете, но тоа се факти. И, немојте да се навредувате ако ви се каже дека сте имале 8 години за некои работи да ги завршите, не сте ги завршиле, а сега се фаќате за некои детали и за некои ситни работи за да го откупите гревот што сте го правеле према некои граѓани осум години. Не можете со некои ситни интервенции Вие да си ги откупите грешките во тие осум години, да се повикувате дека јас постојано го повторувам тоа.

Секој оној момент кога некој на глава ќе ми се качи за да ми каже за одредени ситница дека тој, еве незнам колку се бори за некои граѓани во оваа држава, а имал 8 години пред тоа време да им го реши нивниот статус или нивните права, тој, навистина, заслужува да му биде кажано такво нешто. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот министер за финансии.

Никола Поповски, сака реплика, повелете.

Само, ќе ве молам, ако можеме да бидеме покуси, затоа што веќе почнавме со расправи над десет минути. Ако можеме да бидеме поконцизни.

Господинот Мерсел Билали, побара процедурално.

Но, само да биде процедурално господине Биљали, да не биде реплика.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Еве, ова не е прв пат, претставник на Владата, односно министер да навредува член на Парламент, односно пратеник.

Јас мислам и дури се запрашувам... (Реакции во салата).

Ве молам да ме ислушате.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ќе ве молам, да го ислушаме господинот пратеник.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Мене воопшто не ми е јасно како мнозинството од пратениците ја поддржуваат таквата навреда што министерот за финансии ја искажа тука пред Собранието. Тоа не е во ред. Немаат никакво право министрите да држат лекции на поединци тука, било да се работи за поединец пратеник, туку може на Собранието.  И, таква ароганција е до крај неприфатлива. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Добро, ќе ве молам да не навлегуваме сега, ќе ве молам господине Мерсел Билали, ако некој треба да каже кој на кого држи лекции, тоа треба јас да кажам. А, ако Вие сте лично засегнат, дека вам ви држат лекции, тоа е друго прашање.

Во оваа ситуација, мислам дека се води една коректна расправа со мали искокнувања и не би сакал, тука имаше аргументи и на една и на друга страна.

Господинот Никола Поповски, има збор кој ќе ги објасни сопствените аргументи. Тоа е дијалог.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, господине министер, само веднаш да ви кажам дека нема да ме вовлечете во расправа со навреди само за да го избегнете клучниот проблем околу кој расправаме. Сепак, да расправаме за проблемот.

Инаку, сметам дека е ова осмислен обид да ја изместите точката на расправата по пат на навреди, без преседан во овој Парламент, меѓутоа, тоа говори за другите, за нас.

Би сакал во врска со амандманот да го додадам следново:

Прво, јас изразувам, навистина, жалење што министерот за финансии има проблеми со математиката, кој колку време бил во Владата. Тие проблеми се одразуваат и на законите што ги носиме, неговите проблеми со математиката. Па, да не се познава колку е 6, колку е 8, елементарна е математиката.

Би сакал да го кажам следново, господинот министер и во клучниот аргумент, освен навредите, го искористи аргументот идејата на законот е да ги врати имотите, идејата на законот е да ги врати имотите и после една запирка, но, доколку не, ќе дадеме обврзници.

Проблемот, за кој што реално расправаме денеска е дека идејата на законот е идеа дека идејата на Законот не е квантифицирана. Дека поминаа две години од моментот кога Законот стапи на сила и поранешните сопственици поднесуваа свои барања до Министерството надлежно по овој Закон за денационализација за висината на имотот што го бараат и за тие две години Министерството има согледувања колку имот треба да се врати и денационализира. И, ако уште се нема идеја, тоа е проблем на нашата држава.

Сакам да кажам дека идејата во овој случај не е квантифицирана. Дека, идејата останува идеја. А, она што е наспроти идејата, во овој момент е фактот дека таа идеја не може да се оствари како што е замислена и дека токму заради тоа создава два вида на луѓе на кои ќе треба да се врати национализиран имот. Еден тип на луѓе на кои ќе треба да им се врати до 2002 и еден тип на луѓе на кои ќе почне да им се враќа до 2003 и тоа во поголем број на години, со рати на обврзници.

Тука е јасно дека идејата нема да може да се спроведе особено заради член 2, за кој што и предлагачот го слушаме во неколку наврати - нема ни основна идеа како ќе го направи тоа и колку ќе биде, освен ако Македонија, повторувам, не биде држава на катови.

Второ, слушнавме овде дека се приказни. Приказни, овде, господине претседател, се само во оној момент кога нудите финансиски и други материјални закони во Собранието, а за нив немате квантификација кој колку и како во врска со тој закон ќе има приходи и расходи, во приватниот сектор или во државата. Ова е закон за кој, за жал за кој ние сеуште немаме квантификација. И во таков закон, се во оваа сала е приказна. Не е само една, друга, трета дискусија, вклучувајќи го и Законот, затоа што нема квантификација. Не е приказна кога има квантификација и Собранието ќе донесе закон на кого паѓа на товар, на кого паѓа во позитивен товар, каде се одзема, во кои рокови. Затоа сметам дека зборот прикаска е не соодветен.

Трето, постои општо, во теоријата на преговарањето, еден систем. Прво ќе кажете што треба да направите. Ќе ги видите оние кои се за и оние кои се против.

Во втората фаза, оние кои се "за" ќе ги поттикнувате да добиваат на гласност за да поддршката ваша звучи поголема. А, оние кои се против, ќе ги поттикнувате да немаат право на поголема јавност.

Така, во третата фаза ќе се случи во јавноста да имате вие поддршка само од оние кои биле "за". Тоа е класика на преговарањето.

Мислам дека во овој случај, господинот министер се обидува да го спроведе тоа. Тој прво виде со ваквиот закон, кој ќе биде поддржан, кој ќе го поддржи Законот, кој не. Оние на кои ќе им се врати имотот во натура, го поддржуваат законот и сега во втората фаза, тој се повикува на нив.

Оние, на кои им се дава надомест дури од 2003 година, наместо од 2000 година, како што беше зацртано, не се "за". Меѓутоа, сега никој нив не ги спомнува, затоа што се прави класичен обид во јавноста тоа да се спроведе. Тој што поддржува се повеќе промовирај го, другиот се повеќе угушувајќи го.

Овде сакам да истакнам уште нешто: Во ова Собрание и по еден друг закон вчера настана истиот проблем во толкувањето, во ова Собрание 120 луѓе, пратеници ги претставуват граѓаните на Република Македонија. Сите кои ни доставуваат дописи, се здруженија што се заинтересирани. Меѓутоа, не ги претставуваат граѓаните во овој Парламент.

Од овде, кога господинот министер се обидува да одземе легитимитет на еден пратеник, дека ги застапува интересите на граѓаните додавајќи придавки "приказни", а утврдувајќи дека здружение, што по Уставот не е надлежно да ги застапува интересите на граѓаните во овој Парламент го прогласува за надлежно, мислам дека доаѓаме како Парламент, а тука и Вас малку ви забележувам, дека доаѓаме како проблем со инверзна ситуација да министер го оспорува легитимитетот на пратениците, за што мислам дека треба да реагирате, меѓутоа не ве повикувам да реагирате, го повикува легитимитетот на пратениците.

Затоа сметам дека апсолутно, таквото однесување е само во рамките на тоа да се измисли темата, дека создаваме поголема група на, условно кажано неправедно обештетување, отколку да се расправа за овие проблеми. И понатаму останувам на тврдењето, меѓутоа после ваквата дискусија сосема уверливо, дека, всушност, законот ќе креира, затоа што видете како, во времето на социјализмот 45 години било проблем на одземени имоти што никој не го покренувал заради системот. Денес, кога прашањето се уреди 1998 година, со закон, кога тој почна да се спроведува, веќе е дојдено на врвната точка на интересот, и сега кога Вие одеднаш една огромна група на луѓе тој временски процес им го продолжувате за три години, јас ве уверувам дека тежината за продолжување од три години кај тие луѓе има подеднаква тежина на вагата, колку и претходните 50 години.

Ве уверувам, направете една анкета кај оние кои треба да добијат обврзници, овие три години, за нив ќе бидат многу потешки поболни и поголеми, отколку изминатите 50 години. Не затоа што се три години, туку затоа што нивните колеги, пријатели, нивните во овој закон израмнети граѓани, веќе во август или во септември ќе добијат денационализиран имот назад. Нивната болка, нивната неправда ќе се зголеми зашто за нив тој процес ќе започне 2003 година, а ќе заврши после толку години колку ќе се исплатат обврзниците, колку што предвидува законот.

Ве уверувам дека овие три години не се само предмет на обична буџетска расправа, дека не се предмет само на буџетско балансирање на приходи и расходи, дека не се предмет на комоцијата на Владата во идните две години да ги прибира понудите, туку дека треба да бидат предмет на деноноќна расправа, на деноноќна работа, како што и ние во Парламентот работиме како што вчера имаше потреба до 20,30 часот навечер, Владата треба осум месеци да работи до 20,30 навечер од 8,30 наутро и да ги утврди сите овие аспекти на денационализацијата и да може на крајот на 2000 година да излезе со биланс кој колку побарувал и врз основа на тоа да влезе во процедура со Буџетот за 2001 да почне да издава обврзници. Инаку, ако ние ги гледаме од 8,00 до 15,00 часот барањата, во работното време на Владата, ние сигурно ќе ги гледаме до 2003 година. Тие се поднесени, тие се предмет на работа, нека се ангажира дополнително Владата, нека ангажира дополнителна стручна и друга квалификувана јавност што може да помогне, нека ги концентрираат силите од другите ресори и ќе успее да го направи тоа. Инаку, уверен сум дека оваа група на граѓани ние, всушност, ќе ја дисквалификуваме уште три години. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Никола Поповски.

Јас мислам да го сослушаме г-динот пратеник Димитар Бузлевски, а потоа и министерот за финансии, која така по ред се јавија.

Значи има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Благодарам претседателе.

Сакам да кажам дека ќе гласам за текстот на амандманот, а ќе гласам заради повеќе причини. За оваа прилика ќе се определам да кажам само дел од нив.

Решението што се нуди со член 25 од Законот е апсолутно полошо решение во однос на основната одредба, која што беше регулирана во член 39 од Законот кој што се менува. Од тука мислам дека треба да се приклучат сите оние кои што вчера со полна уста овде велеа на почетокот на своите дискусии дека со овој закон се исправува една претходна историска неправда, која што им е направена на поголем број на граѓани на РМ.

Ако тие тоа што го кажуваа во своите настапи навистина мислат, мислам дека треба да го прифатат ова кое што како текст е содржано во амандманот, затоа што амандманот се однесува на скратување на временскиот период. Мислам дека во основните решенија вчера беше добро објаснето, се даваше можноста на еден вид од исплата од имотот, кој што е во содржината на овој закон, преку обврзници и тоа да се прави во текот на оваа година.

Амандманот го поместува тој рок за наредната година, но го скратува основното решение со измената што е предложена, а која што треба да се однесува на после три години. Така да ако сакаме да исправиме историска неправда тогаш тоа да го направиме на еден начин, кој што ќе им овозможи на имателите на обврзници, кои што ќе ги добијат тие обврзници да можат по активно да се вклучат во процесите во РМ. Бидејќи обврзниците можат да се употребуваат за намени кои што се предвидени во член 39 од основниот закон, или член 25 со измените на овој Закон за купување на акции и удели во државен капитал, за плаќање на надомест на концесија на државен имот, за купување или плаќање закуп на државен имот и за плаќање на обврски кои произлегуваат од овој закон, а тоа значи други обврски.

Ние имавме прилика минатата недела да слушнеме и да прочитаме дека Владата планира во текот на о.г. да го заврши приватизациониот процес во РМ. Тоа беше изјавено од повеќе претставници на Владата и други советници на Влада и дека тој процес што побрзо треба да се заврши во РМ за да може да се отпочне постприватизациониот период, како една реформска определба на Владата на РМ.

Ако е така, а немаме зошто да не веруваме дека е така ако е кажано од тие субјекти тогаш да им овозможиме во 2001 година со издавање на обврзници по основите кои што се предвидени со овој закон на овие субјекти кои што ќе ги добијат и кон кои што ќе се исправи таа историска неправда активно да се вклучат во тие процеси во РМ.

Суштината на амандманот е тоа. Инаку, може да се случи тој процес брзо и ефикасно да се реализира, па во 2003 година вакви погодности, кои што се дадени со опаричување по овој основ на обврзниците да нема, туку тие да бидат потрошени до 2003 година. Тоа е нашата грижа и затоа сакаме да предложиме до пратениците, бидејќи не го гледаме регидниот став на министерот по овој член, пратениците ако сакаат да ја исправат таа историска неправда, тогаш да го изгласаат овој амандман, со тоа што 2003 година ќе се замени со 2001 година. Тоа е суштината на амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Димитар Бузлевски.

Има збор министерот за финансии г-динот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас би се осврнал уште еднаш на дискусијата на пратеникот чие што право како пратеник, односно неговата улога не ја оспорувам како што кажа тој, што се однесува до работното време во Министерството може да помине секоја вечер покасно, кога сака да провери и да види доколку часот се работи во Министерството. Меѓутоа она за што најмногу се јавив, тој тврди дека има група на граѓани кои што ќе бидат обештетени, заради тоа што ќе им се даде обврзници и тие ќе бидат против овој закон.

Го молам да ми каже едно име и презиме на некој што е сигурен дека ќе добие обврзници и дошол да се жали кај него, како и зошто е сигурен дека ќе добие обврзници. Кажете го името и презимето на човекот што однапред знае дека ќе биде во групата на оние што ќе добијат обврзници и што дошол кај вас, или Вие сте го сретнале на некој начин.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас овде морам да кажам дека како прво и прво не е вообичаено министер да поставува прашања на пратениците...

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Дискусија е ова.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И во дискусијата, ви давам право да дискутирате, инаку имате право на крај да дискутирате и немате право да учествувате во расправа. Во расправата кажавте што имате да кажете и т.н. и овие прашања и ваков однос би требало да се научи однапред. Сепак сме ние кој што ве избираме и тоа немојте да го заборавите. Според тоа, ние сме тие што поставуваме прашања и тоа треба да се разбере и да го разбере Владата.

Според тоа, мислам дека она што се вели во судството се отфрла од страна на судијата.

Одиме понатаму. Молам дали некој бара збор.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ве молам ако може да ми дадете збор, бидејќи ме повикувате.

Доколку во Парламентот присуствува министер и на него му се префрлуваат некои работи, дека нешто погрешил намерно или ненамерно, тој има право да одговори и бранејќи ја тезата тоа да го направи на неколку начини. Тогаш е за поставување прашање. Дали ќе биде со давање одговори, тоа е негов избор, не мора да му одговори пратеникот, меѓутоа

министерот има право да се брани. Вие како претседател на Собранието не можете да ја оспорите ситуацијата кога министерот има право да се брани. Инаку, која е неговата улога тука да биде само оспорувано неговото мислење, ако нема право да се брани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-дине министер, да не отворам сега расправа, затоа што не знаеме од каде дојде нападот, па да биде одбраната. Можеби требаше да реагирам кога дојде нападот, но сега да го оставиме тоа прашање. Треба еднаш за секогаш да се научи дека овде ние прашуваме и само ние прашуваме. Министрите слушаат и го примаат тоа. Тоа е Парламент, а дали ќе ве праша културно или не, за тоа веќе јас ќе реагирам од страна на пратениците, тоа треба да се знае.

За збор се јави г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Овој амандман е многу суштински и јас нема да побарам министерот да ми каже обратно, што ќе претпоставам кои се тие во неговата концепција кои го притискаат за вакви решенија, меѓутоа г-дине министер, Вие имате веќе во вашето Министерство доставено барање за денационализација само во областа Криволак на повеќе од 8 илјади хектари земјиште од поранешни сопственици. Од 8 илјади хектари земјиште на Криволак, кое е сега воен полигон, кое по член на Законот заради воената намена нема да се враќа во сопственост, а јас ќе ве прашам кажете каде Вие ќе најдете 8 илјади хектари за да го вратите земјиштето во натура во Македонија. Нема да најдете и ќе пристапите на инструментот обврзници дури во 2003 година, со закон заради кој ги внесовте и верските заедници, кои исто така ќе биде на 20-30 години обештетување. Ќе се вплеткаме во процедурата за кое што сега разговараме. Јас сега можам да набројам уште поголем број на вакви примери. На пример во Овче Поле кое е национализирано, над 15 илјади хектари е доделено со аграрната реформа на тогашните безземјаши, сегашни граѓани на РМ, со мали имоти, кои го користат тоа како сопствен имот, на кои исто така не им се враќа, затоа што е во посед на физички лица со аграрната реформа. Еве направивме некаде над 23 илјади хектари. Сега по истата логика, ако ги отвориме работите на конкретни случаи, јас разговарав за принципот но министерот нека каже 23 илјади хектари од Овче Поле и Криволак, кои не ќе можат по законот да се вратат, бидејќи се на физички лица и на одбраната, каде ќе ги најде РМ. Тоа е случајот за обврзниците и затоа зборувам дека тие луѓе и многу други такви, настрана што министерот за одбрана кој е член на истата Влада, само пред десет дена даде изјава дека воените земјоделски земјишта ќе ги даде на офицерите, за да они на нив работат како технолошки вишок, а во исто време ни кажува дека земјоделското земјиште во областа Криволак, кое е воен посед, нема да се враќа.

Значи, не се враќа, меѓутоа исто така не служи за воени намени па ќе се дава на офицерите, не сум јас против тоа за офицерите, меѓутоа, сакам да кажам дека очигледно и таму има некакви несогласувања. Вакви несогласувања се многу и сега да не ги набројуваме. Јас не барам одговор од г-динот министер децидно, меѓутоа сакам да одговорам на она што Вие прашавте. Не се работи за 100 - 200; 1000 до 2000, се работи за десетици илјади хектари така да тој проблем не треба да го потценуваме, како што тука се случи. Треба навистина да видиме како на овие луѓе, знаете како, неправдата кон еден боли исто колку правдата 99% што сте ја задоволиле. Треба да видиме како на овие луѓе, чија бројка се зголемува после воведувањето на клаузулата со црковните имоти, со имотите на џамиите на Верската исламска заедница, синагогите и т.н., ќе се зголеми бројот на луѓето на кои не може да им се врати во натура. Ќе се зголеми пристапот со обврзниците.

Меѓутоа, очигледно дека сега немаме разбирање и јас сакам да укажам дека тој проблем не е така занемарлив.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Навистина многу убава расправа се отвори, инаку јас би сакал да кажам дека и овде се прекрстуваат, помешуваат практично три категории право - правда и правичност. Нај непосредно ова тоа го покажува, но никогаш, верувате никогаш не се поклопуваат. Тоа е едно измислено идеално решение, кое што тешко може да се реализира. Секогаш правото создава неправо за некого, но работата е да го изгласаме така за мнозинството или за повеќето да биде правично. Тука е расправата каде што можеме до бесвест ние да расправаме, дали е или не е, колку или како ќе добие. Навистина, ова е конкретен пример каде што овие три категории се испреплетуваат и можеме да останеме на своите ставови и гледишта и т.н. и да бидеме во право.

Но, да ја смириме полека состојбата и да привршуваме по овој амандман, бидејќи ќе ја прекинам седницата во 15,00 часот, поради барањето на пратеничката група на ПДП.

Барем овие амандмани да ги поминеме денеска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, јас ви благодарам што практично ми одземавте еден дел од дискусијата, бидејќи навистина го респектирам амандманот од причина што суштински е многу важен, меѓутоа сметам дека законот генерално го задоволува принципот на правичност.

Самото тоа што тие граѓани досега немале апсолутно никаква можност да си ја повратат сопственост, а веќе дали е тоа 2000 или 2003 година, нема да се согласам со колегата Поповски дека нив ќе ги боли повеќе што ќе чекаат 2 или 3 години отколку што чекале 50 години и воопшто немале никаква правна можност да им се надохнади она што им било бесправно одземено.

Значи, можеби самите две години, како што имавме можности од излагањето на министерот да чуеме да се овозможи, но претходно да се испитаат сите можности што и како може да им се врати, па понатаму да се направи емисија на обврзници на кои што ќе им се овозможи да им се врати дел од изгубеното, време кое што ќе го има и Владата и самиот сопственик да се изнајдат и претходно исцрпат сите други можности за враќање на дел од изгубеното.

Овде беа наведени примери со земјоделско земјиште. Можеби ќе се најде можност за било каква нагодба на тие сопственици да им се врати некакво друго земјиште, а не и земјоделско и да тие априори во старт не се чувствуваат како обесправени. Мислам дека суштината на поднесувањето на амандманот беше токму тоа и сметам дека е исправен ставот на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-ѓата пратеник Ѓулистана Марковска.

Има збор потпретседателот, г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници околу овој амандман не очекував дека ќе настанат вакви расправии, со оглед дека формата или начинот на обештетување или плаќање на одземена имовина е последен основ.

Обврзницата како хартија од вредност има своја јавна номинална вредност. Номиналната вредност е таа што е кажана во самата обврзница, меѓутоа реалната вредност настапува во моментот на издавање, а тоа значи да има една маса од која се определува и номиналната вредност на обврзницата. Да, во еден момент таа прераснува во форма на акција, бидејќи го следи нивото на движењето на пазарот на цените и може како обврзница да оди горе или доле со цената.

Овој инструмент е последен и ако по било кој основ поранешните сопственици не можат да се обештетат дали со директно враќање на нивната имовина или со замена на имовина на државата, што е јасно и гласно кажано деска ќе се плаќа од имовина на државата. И кога беше смислата на Трпевски да дојде амандманот за општините, имовината да се смета како завршена работа, да не влегува во враќање, јас тогаш сфатив за реалното движење на еднаквост на пазарот, што значи дека и таа имовина во еден момент може да биде основ за обештетување. Незнам што им е? Дали сакаат без основ да говорат за нешто или сакаат да ја сведат работата реално на она што го дава законот и хартиите од вредност.

Поради ова сметам дека не е потребна ваква работа и јас тој амандман нема да го прифатам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Сега мислам г-дине министер да ја финализираме работата, повелете имате збор.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас ќе се обидам да бидам краток, бидејќи бев прозван и се надевам дека е во рамките на ова што Вие го дозволувате.

Прашања не смеам да поставувам, само можам да одговарам.

Законот предвидува во ситуации кога не може да се врати друго земјоделско земјиште, да може да биде понудено друго земјиште со иста површина, бонитет и т.н., или друг вид на имот. Се дава надомест друг вид на имот што го има државата. Дури во ситуација кога ќе се исцрпи тоа, кога нема да може да се постигне некаква согласност, дури тогаш би се одело на обврзници. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во ред е.

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, ја затварам расправата и ги молам пратениците што моментално излегле

надвор да влезат во салата, затоа што ќе гласаме.

(Пратениците влегуваат во салата).

Значи ја заклучувам расправата и ве молам да гласаме.

Ве молам вклучете го системот за гласање, за да можат пратениците да гласаат.

Вклучен е системот за гласање.

20 пратеници гласаа "за", 6 "воздржани" и 43 "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 2, поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски, Борислав Трповски и Благој Стојковски.

Отворам претрес по амандманот на член 26 став 2, поднесен од пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

20 пратеници гласаа "за", 46 "против" и 6 "воздржани".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 26 став 2, поднесен од пратениците Азис Положани, Насер Зибери и Оломан Сулејмани.

Отворам претрес по амандманот на член 30, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 32 став 2, поднесен од ЗПК.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 2, поднесен од ЗПК.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 38, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 39 во уводната реченица и за додавање нов текст по уводната реченица, поднесен од ЗПК.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 39, поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Исмет Рамадани.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес. Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

11 пратеници гласаа "за", 51 "против" и 12 "воздржани".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 39, поднесен од пратениците Мерсел Биљали и Исмет Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 43, поднесен од ЗПК.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43, поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Никола Поповски, Борислав Трповски и Благој Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа, дали некој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе овој амандман е во корелација со амандманот по

кој се водеше доста обемна расправа во Парламентот, односно по амандманот во член 26. Иако е во корелација, би дал едно кратко образложение по овој амандман. Сметам дека министерот кога го образложуваше амандманот на член 26 во најмала рака се од се некоректно спрема Парламентот, а не би рекол дека го изманипулира, бидејќи сметам дека требаше да го објасни целосно со корелацијата во член 43. И тогаш пратениците ќе имаа една слика за што се работи и во кој дел. И во одреден друг дел кога министерот укажа дека, да, точно е, прво треба да се видат барањата, да се надомести она што е во физички обем па во имот, па потоа да се даваат обврзници.

Јас укажав дека со овој закон барањата се поднесуваат во рок од месец дена, но законот дозволува поднесување на барања во рок од пет и осум години. Што значи ниту во еден момент нема да ги имаме комплетни барањата за да можеме да го утврдиме бројот на обврзниците. Во смисла што зборуваше и колешката Марковска, јас би укажал, затоа да го сфати во тој дел во нејзиното објаснување. Што предлагавме ние? Во овој проблем битна е динамиката која ја предлага Владата и која се предлага со овој амандман, односно со претходниот амандман. Дали е прифатлива динамиката нека оцени самиот Парламент. Што предлагаме ние?

Ние предлагаме Министерството за финансии најдоцна до крајот на 2000 година ќе го утврди вкупниот износ на барања за надомест, кои се даваат во вид на обврзници за барања поднесени до крајот на септември 2000 година, а Владата на Република Македонија најдоцна до крајот на април 2000 година ќе му предложи на Собранието на Република Македонија донесување на посебниот закон. Овој рок е прифатлив за да се остварат сите претходни фази, поднесени барања, давање во физички надомест или давање во имоти, да се произнесат, па потоа да се почне динамиката. Инаку пренесување на динамиката во 2003 година, јас го истакнав тоа. И сметам дека коректно ќе беше од министерот дека овие рокови се неприфатливи. Од кои причини? Дали временски, иако временски тие се синхронизирани. Нема никаква дилема. Нема потреба две години кога и самиот министер вика, нема потреба две години дали ќе се даде во физички обем. Она што е во физички, во натура се враќа, јас кажав и на претходната седница во месец или два после поднесување на барањата. Ако се откажеше на таа динамика и од кои причини не може да се прифати оваа динамика, дали од финансиски, материјално економски можности, јас од формално правни причини тврдам дека може да се прифати. Бидејќи не истакна одредена волја и министерот и пратениците, а овој амандман е во корелација и е зависен, бидејќи е беспредметен со претходниот амандман, јас го повлекувам овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 45, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратениците Златко Стојменов и Филип Петровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

Но, идејата ја поздравува и би можел Парламентот како декларација да го усвои, но не е соодветен за да влезе во законот.

Инаку идејата е прекрасна, меѓутоа не може да биде во закон и од таа причина не се прифаќа.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа по амандманот.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Збор два, ако може за амандманот.

Дискусиите широко објаснија дека законот тангира интерес на групација на граѓани, на луѓе кои што долго време чекаа државата што ќе превземе по повод исправувањето на неправдата нанесена, повеќе од очигледно од идеолошко политички причини. Тоа е наведено во амандманот. Нормално според мое размислување.

Во оваа насока законот ги дава според мое мислење очекуваните одговори и затоа не навлегувам понатаму во било каква дискусија, односно не се јавив за дискусија кога имаше расправа за законот, туку одам во насока на она што според наше мислење како предлагачи на амандманот, недостасува и го предлагаме како

амандман, а тоа е кратко и јасно формално извинување од страна на државата. Тоа можеби за оние што се тангирани во законот, оние измалтретирани и онеправдани граѓани нема да значи многу, споредено со сатисфакцијата што ќе ја добијат од враќањето на имотите. Но, сепак сметам дека краток текст извинување треба да се вгради како составен дел во законот, или евентуално можеме да дозволиме извесна еластичност, ако не се најде можност да се вгради во законот, да се најде можност тоа да се потенцира, незнам како тоа би го извел предлагачот. Но, сепак како дел за да се покаже, да се потенцира, да се истакне еден коректен однос кој што државата е подготвена, односно сега сака да воспостави еден нов однос кон своите граѓани, кој што ако сакате во крајна линија и ја воспоставуваат таа држава. Мислев дека поднесувајќи го овој амандман уште еднаш можеме пред македонската јавност, не спомнувајќи политичка припадност и користејќи го моментот за било каков политички маркетинг, да поразговараме дека никој не е не погрешлив, ниту пак државата. И оној што греши треба да има доблест да се извини, во овој случај државата тоа треба да го има, односно да има доблест да го признае и да се извини на своите граѓани. Мислевме дека ова е една извонредна можност да се направи тоа на најдобар можен начин. И затоа со мало чудење го прифатив ставот. Јас не влегувам во шаблони како треба еден закон да се прави, каков текст на закон се составува, дали нешто влегува во шаблон или не, дали нешто е не прифатливо, затоа што законот е една тврда материја, каде што нема многу отстапувања лево, десно. Морам да ви кажам, мислам дека прифатливо е шаблонизирање, но не и по секоја цена и кога станува збор и за законот.

Тоа од теоријата на правото, односно уредувањето на една држава. Мислам дека од една проста причина, затоа што ова е една жива материја, која што ние како Парламент имаме можност и малку послободно да ја канализираме. Еве, кратко се консултиравме со вториот предлагач господинот Златко, значи има волја и да го повлечеме. Меѓутоа, сепак би сакале да се изјаснат пратениците.

Јас лично сметам дека ова може да се вгради во закон. Морам да ви кажам дека не сум правник, меѓутоа ви кажав, станува збор за жива материја, која што може и поеластично да се сфати и да се канализира во овој случај.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амандманот го повлекуваат и нема што да водиме расправа.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Амандманот ќе остане. Би сакал да гласаме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би се приклучил кон она што министерот го кажа, не соодветствува.

Ние во расправата ова прашање го расчистивме и не соодветствува на номотехниката на законот. Самиот закон е веќе извинување од државните органи и нема потреба да потенцираме посебен член.

Тоа е моја сугестија, ако сакате прифатете ја. Инаку можеме и да гласаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За ова не смее да се гласа.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Ќе го повлечеме амандманот, меѓутоа бараме начин ова некаде да се вгради, во било какво образложение.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине Филиповски, се работи за следново, ние можеме ова да го вградиме во посебна декларација како Парламент, но не можеме да го вградиме во закон.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас не инсистирам по секоја цена. Ќе го повлечеме амандманот, меѓутоа треба да се има во предвид, мислам дека имаше доволно доблест да не спомнуваме и да мешаме политички опции, иако за тоа отвора доволно простор овој амандман. Да се бара начин да се има во предвид тоа.

Јасно е дека законот претставува извинување, меѓутоа не е лошо уште еднаш да им се извиниме на граѓаните, затоа што 50 години го чекаа тоа.

Го повлекуваме амандманот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36 поднесен од пратеникот Чедомир Краљевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во меѓувреме пратениците Ризван Сулејмани и Исмет Рамадани поднесоа амандман на член 2 став 3 точка 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Борислав Трповски поднесе амандман за додавање нов член 18-

а по член 18, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 точка 1, поднесен од пратениците Ризван Сулејмани и Исмет Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам расправа. Дали некој бара збор?

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници, иако вчера од страна на министерот беше кажано дека во членот 2 став 3 точка 1 ќе се сменат зборовите: "мухамеданска џамија" со зборовите: "исламска". Но, во консултации со стручни луѓе кои добро ја познаваат оваа проблематика, тие ни сугерираат дека тоа не е доволно за да се објасни докрај што тоа значи во исламот. Затоа што терминот "мухамеданска џамија" во исламската терминологија не постои. Постои џамија и теќе на исламската вероисповест, како и други верски институции од типот да речеме кои се некаде 9, кои јас не можам сите да ги набројам. Но од типот да речеме на разни библиотеки или мектипи, кои не би можеле да се опфатат само со тој термин.

Според тоа, со цел да се објаснат и да бидат опфатени сите овие категории, јас ви кажувам во соработка, во консултации со луѓе кои што добро ја познаваат оваа проблематика, го предлагам овој амандман.

Мислам дека министерот треба да го прифати.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Од Економската комисија прифативме амандман со кој што зборот "мухамеданска", се заменува со "исламска". Така што на некој начин ова е регулирано прашање.

Затоа и не го прифаќаме сега овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи било прифатено со "исламска".

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Да, јас знам, член сум на таа Комисија и јас барав тоа така да се прифати, но во меѓувреме во консултации со луѓе кои што добро ја познаваат оваа проблематика, тие ми рекоа дека тоа не е доволен капацитет за да може да ги опфати тие. И таква категорија само со тоа не би можеле да се опфатат.

Затоа мислам по нивна препорака, јас го поднесувам овој амандман.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Владата останува на своето мислење.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

16 пратеници гласаа "за", 11 "воздржани" и 46 се "против".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 став 3 точка 1, поднесен од пратениците Ризван Сулејмани и Исмет Рамадани.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 18-а, по член 18, поднесен од пратеникот Борислав Трповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, од причина што овој член веќе е избришан од Уставниот суд, така што сега не може да се брише.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Претставникот на Владата не го прифаќа амандманот, со образложение дека од Уставниот суд е избришан.

За збор се јави господинот пратеник Борислав Трповски.

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Ова е за поздравување, околу овој член не бев запознат и мислам дека сепак треба во Предлогот за изменување и дополнување, да стои за негово бришење.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали го повлекувате?

**БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ:**

Го повлекувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Бидејќи ги исцрпивме сите амандмани, ве молам дали уште некој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседател, господа пратеници, дозволете да се обратам во две својства, односно, сакам да се обратам во својство на координатор на пратеничката група, да го кажам нашиот став по гласањето, меѓутоа, дозволете претходно, а да ме извини пратеничката група на СДСМ, во чие име ќе настапам, би сакал претходно да настапам во сопствено име, не мешајќи ја координаторската функција, само со една минута, ќе дозволите тоа да го соопштам.

Ценам како пратеник на овој Парламент и како негов пратеник и како негов пратеник во Парламентарното Собранието на Советот на Европа, дека треба да го истакнам следново: Како пратеник во Парламентот во Советот на Европа, пред шест месеци бев соочен со една прослава на Советот на Европа, на која, претседателот на Бугарскиот Парламент одржа говор, прослава и во рамките на Советот на Европа, се одбележа, по мое видување, неправедно и без доволно информирање, еден настан, дека бугарската држава во периодот 1941-1944 година, додека учествуваше на страната на силите на оската, е единствената, која како таква не извршила никаква депортација на еврејски граѓани на својата територија и од териториите каде била ефективна власт, окупаторска или домицилна.

Јас тогаш како пратеник од оваа држава во Советот на Европа, се почувствував повреден, затоа што знам дека наши 7.000 граѓани, сонародници, токму од таа држава, која во тој момент овде имаше старателство, изврши насилна депортација на 7.000 Евреи, за кои, за жал знаеме дека ниту еден не се врати. Меѓутоа, Советот на Европа, незнаејќи го тој факт, го прифати говорот како таков и го награди со аплауз, ваквиот чин на бугарската држава.

Сметам дека членот 39, за кој што ќе гласаме и кој што никој не го оспори, со своите членови 63-а, 6, в и г, во кои кажува дека предмет на денационализација се имотите на Евреите од Македонија, кои своите имоти ги напуштиле со присилна депортација во фашистичките логори.

Мислам дека Македонија на овој начин ги формализира, во многу добро избран момент, иако е случен и без сакање да се обрати на тој начин, на овој проблем на кој јас се обраќам, мислам дека во еден добар момент исправа една неправда, односно не праведно покрената иницијатива дека не се вршени депортација на Евреи, а ние сме сведоци дека токму од нашата држава е извршена таа депортација и тоа на некои начин го озаконуваме и сметам дека е соодветен вид на одговор на нашата држава, на ваквата иницијатива, без историска основа.

Тоа сфатете го како мое видување на работите и сум должен да го кажам на крајот на краиштата како ваш претставник во Советот на Европа, кој немаше можност, тогаш во протоколарен начин тоа да го негира.

Сега би сакал, во својство на координатор на пратеничката група на СДСМ, сосема накратко, да го изнесам нашиот став, со сите проблеми кои се јавија, во оддолжувањето, за укинувањето на некои одредби и на крајот на краиштата и по иницијативата на новата Влада, иако некои одредби по свое видување ги примени, а тоа го има како право, се разбира, пратеничката група внимателно го разгледа законот, ги изнесовме нашите ставови и мислења овде, дадовме и неколку клучни амандмани.

Изразуваме, се разбира, жалење, дека некои од нашите клучни амандмани, за кои имавме денеска полемика, за или против, не се усвои, меѓутоа, сеуште сметаме дека законот, изразувајќи жалење дека овој амандман не се усвои, од кои причини, ги кажавме, сеуште законот заслужува да биде поддржан и да се продолжи со процесот кој беше започнат во 1998 година, со донесување на првобитниот закон, кој сеуште е на сила и со овие измени и оние одредби кои остануваат, да се изврши денационализацијата во РМ.

Од тие причини, нашата пратеничка група, ќе се изјасни во корист на законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јавува господинот пратеник Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, сакам да го изразам чувството на задоволство, на историскиот чин за можноста, за давање на позитивен глас на историскиот закон, за изменување и дополнување на Законот за денационализација, за кој проект, актуелната власт, имаше доблест да го изработи и да му го предложи на Собранието, а на кој начин се исправа историската неправда, воспоставена од идеолошки побуди.

Убедени сме дека актуелната Влада, која го изработи и предложи овој проект има и време и знаење и да го спроведе во живо законот, со што ќе докаже дека не е за

декларации, туку за реални и практични ефекти.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јавува господинот пратеник Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Сакам како пратеник да го кажам јавно моето мислење како ќе гласам.

Јас мислам дека денес е историски ден, денес оваа гарнитура има чест да смени нешто, што пред 50 години, некој друг погрешил. Стара е изреката дека, "еден будала што може да погреши, сто паметни не можат да поправат". Но, сепак сум радосен, што иако, на вистинските наследници, тие имоти што им биле одземени, не можеме да им ги вратиме насмевките, но можеме да ги вратиме барем на нивните деца или на нивните внуци. Замислете каква била болката на луѓето кои го создале тоа материјално богатство со години и со генерации и да доаѓа некој бандит и преку ноќ, по наредба на некој политички комесар да им го одземе сето тоа. Да им ги одземе нивните куќи, нивните имоти, нивните фабрики.

За перверзијата да биде поголема, нешто подоцна, во истите фабрики ги наместуваат своите деца за директори, а истите тие си носат Закон за приватизација, со кој што подоцна за без пари ги купуваат истите фабрики. Денеска ја менуваме историјата. Како што вчера истакна мојот колега Батковски, пред многу години со зурли и тапани луѓето доаѓале да им ги одземаат имотите. Сега повторно ќе има музика, но со право ќе ја има таа музика. Старите сопственици, ќе дојдат и ќе си ги земат повторно своите станови и куќи, своето земјиште.

Сосема накратко, сакам да проговорам за еден друг аспект, кој што мислам дека не беше спомнат: колку голема штета е нанесена на оваа држава и на ова општество, со законот за национализација. Голем број на села биле запуштени, како резултат на овој закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Кажете како ќе гласате, а не да дискутирате.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Прво се одземени фабриките, а во селата подоцна им е одземена и стоката. Едноставно, луѓето во селата се оставени без можност за работа.

Сосема на крајот, јавно и гордо ќе кажам дека ќе гласам за овој закон и ќе се молам на бога, никогаш повторно да не се врати таа власт и нивните правни наследници, повторно да и нанесат штета на Македонија, каква што и нанеле досега со претходниот Закон за национализација.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, вообичаено е по вакви крупни закони, имате шефови на пратенички групи, не е ред, имате право, но не е ред, покрај шефот на пратеничката група, секој да кажува, како ќе гласа. Тој секако го изразува ставот на пратеничката група. Со вакви дискусии, ќе нема крај.

Според тоа, јас би молел господинот Ѓорѓи Котевски да се откаже од дискусијата, а да му дадам збор на господинот пратеник Стојан Андов и госпоѓата Марковиќ - Димова Наталија, во име на ДА и таа да го каже ставот и на тој начин, да ја привршиме расправата.

Повелете господине Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, драги колеги, Пратеничката група на Либералната партија ќе гласа за овој закон. Со овој закон се реституира сопственоста, тоа е наша обврска околу Уставот, но и на тој начин се квалификуваме во меѓународната заедница, како земја со комплетно гарантирање на правото на сопственоста.

Истовремено, предлагам да ја измениме одлуката, што ја донесовме на почетокот на седницата и веднаш, по донесувањето на овој закон, да расправаме за законот, за начинот на исплата на старите девизни штедни влогови, да го донесеме и тој закон, бидејќи е постигната согласност и на тој начин ние комплетно прекинатото, по разни основи, право на сопственост, го реституираме и ја претставуваме земјата, како земја која го обезбедува и го гарантира правото на сопственост. Тоа е многу значајно и ние можеме да го постигнеме сега.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Стојан Андов.

Има збор госпоѓата Наталија Димова - Марковиќ.

**НАТАЛИЈА ДИМОВА - МАРКОВИЌ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер, во име на оштетените граѓани, поточно во име на нивно обештетување, а исто така во поддршка на изразените ставови, во одлуката на Уставниот суд, за корекција на Законот за денационализација, пратеничката група на ДА, ќе даде безрезервна поддршка на овој Предлог

закон за измени и дополнување на Законот, дотолку повеќе што се инкорпорирани сите ставови, заклучоци и сугестии од Уставниот суд, врз основа на Одлуката донесена од Уставниот суд.

Исто така, пратеничката група на Демократска алтернатива, со сугестија изрази желба за што побрза имплементација на законот, заради обештетување на граѓаните.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеничка Марковиќ - Димова Наталија.

Веројатно, во име на пратеничката група на ДПА, ќе се произнесе господинот Алириза Лога.

**АЛИРИЗА ЛОГА:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, дами и господа пратеници, јас во име на пратеничката група на ДПА, во отсуство на нашиот координатор, би сакал да додадам, дека ние како пратеничка група, овој закон ќе го поддржиме, иако знаеме дека нема ниту еден идеален закон, сепак, со донесување на овој закон се симнува една историска неправда на наши граѓани.

Верувам дека овој закон, колку толку, ќе биде имплементиран во интерес на тие граѓани, кои што беа оштетени овие минати години.

Уште еднаш како парламентарна група за овој закон ќе гласаме и ќе го поддржиме.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

За збор се јавува господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, со оглед на тоа што е исцрпена цела дискусија, околу Законот за денационализација сакам само да ви укажам.

Никаде во Деловникот не е пропишано дека координаторот на пратеничката група, кога ќе каже, а по него никој ништо повеќе не може да каже.

Ќе ве молам во иднина да не злоупотребувате, бидејќи јас имам лично право да кажам зошто ќе гласам за законот и зошто нема да гласам за законот.

Сега го прифаќам вашиот став, но во иднина, доколку давате збор на други пратеници и ми го одземате моето лично право во Парламентот, според Деловникот за работа на Собранието, ќе бидам многу ригорозен и поинаку ќе настапам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас кажав дека никому нема да му го одземам зборот. Секој ќе има право да гласа, но вообичаено е во вакви моменти, кога веќе 2-3 дена разговараме, завршниот збор да го дава координаторот на пратеничката група.

За збор се јави господинот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас се разбира дека ќе гласам за законот, а во големата радост и во големите историски заслуги, ќе се вклучам тогаш, откога ќе се вратат навистина имотите на луѓето.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Петар Гошев.

Според тоа, бидејќи никој веќе не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

83 пратеници гласаа "за", 2 се ‶воздржани‶ и ‶против‶ нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација. (Аплауз).

Дами и господа, со овој чин, ние го направивме првиот значаен чекор кон воспоставување на светото право на приватната сопственост.

Со останатите мерки што ќе ги преземеме, верувам дека ќе ги воспоставиме на право место реалните општествено - економски односи на новиот политички систем.

Се надевам, дека на овој начин, ние практично присуствуваме на отпочнувањето на еден процес. Ние не го заокружуваме тој процес.

Напротив, уште многу ни претстои, да се заокружи тој процес.

Со ова, ние ја враќаме довербата во базичниот принцип на нашиот систем и на нашите заложби.

Верувам дека институциите на системот, министерствата, судството и т.н. ќе го операционализираат ова што ние денеска го изгласавме.

И според тоа, мислам, како што рече господинот Петар Гошев дека, ќе биде најсреќен тогаш, кога овој закон ќе биде во целост реализиран.

Со ова ја затворам расправата по оваа точка од дневниот ред.

Поминуваме на втората точка од дневниот ред.

Предлагачот на Предлогот за донесување на Закон за начинот на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните, со Предлог на закон.

Пратеникот Наќе Стојановски го повлече предлогот за донесување на овој закон, со Предлог на закон.

Според тоа, ние треба да поминеме веднаш на третата точка, бидејќи сметам дека е усогласена со предлагачот.

Третата точка од дневниот ред е Предлог за донесување на Закон за начинот на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните, во кои гарант е Република Македонија со Предлог на закон.

Предлогот до донесувањето на законот, со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Процедурално, има збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Процедурално, г-дине претседателе сакам како претседател на Комисијата за финансирање и буџет на Собранието да ве известам дека заедно со г-динот Андов, кој ја води Комисијата за банкарство и монетарна политика, имавме заедничка седница, на која ги разгледувавме вчера овие два закони и тоа овој и Законот што беше повлечен. По овој Закон имаше долго усогласување, кое заврши со потребата министерот, во своето Министерство, да направи дополнителни консултации во врска со билансните можности на одредени варијанти кои ги разгледувавме, со роковите, каматните стапки, обврзниците и враќањето и одкако тоа ќе се расчисти во Министерството, ние да можеме да го гледаме законот.

Со оглед дека ние до денес не добивме известување не само Комисијата, туку ниеден член на Парламентот претпоставувам, не бевме во можност, откако ќе има сознание што всушност е предлогот, после сите усогласувања амандмански да интервенираме...

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Има амандман од Владата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Добро, биле поделени сега пред еден час.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Затоа го поставив законот денес на дневен ред.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас ги немам добиено, сега ги добив, а како што гледам и сега се добиени, се извинувам за тоа.

Ќе ве замолам, со оглед на сегашните амандмани кои менуваат можеби нешто што е нај круциално во законот, да овозможите една процедура во која секој кој со овој амандман има потреба да поднесе амандман од свој аспект, тоа да го овозможите.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И во текот на амандманската расправа може да има амандмани.

Се додека не ја заклучам расправата има право на амандмани.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Ако има некој потреба, да направиме кратка пауза.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Амандмани може секој да поднесе до чинот на гласањето на законот.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Дали министерот да даде некои воведни напомени?

Го молам министерот за финанси, г-динот Никола Груевски да даде некои воведни напомени во врска со законот.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, сосема накратко сакам да ве запознам со одредбите на овој закон.

Согласно овој Предлог на закон се предвидува граѓаните на РМ, чии девизни влогови не се враќаат од познатите причини од периодот од 1989 година и кои просто ги нарекуваат заробени девизи, со овој закон тие се враќаат во десетгодишни еднакви рати, со двегодишен грејс период, вклучувајќи ја и 2000-та година.

Првичната идеја беше каматната стапка да биде 1%, меѓутоа, по вчерашните дискусии и договарања во Комисијата, во Министерството за финансии договорено е со штедачите, сепак, изнајдени се можности сепак да одиме со 2%, по што Владата вчера интервенираше со амандман.

Она што е важно да се спомене за овој Закон е дека обврзниците ќе бидат

демантелизирани, што значи дека избегната е можноста за фалсификување и за крадење на обврзниците и ќе се водат во централен регистер, односно клиничка куќа, што според сегашните услови најверојатно ќе биде Заводот за платен промет. Обврзниците ќе бидат котирани на првиот пазар на Македонската берза во втората половина на септември и со нив ќе може слободно да се тргува и ќе бидат трансифирабирни.

Она што е карактеристично друго за законот, тоа е дека со овој закон се предвидува веднаш од 1-ви мај да се почне со исплата на сите оние побарувачи што имаат заробени девизи до 50 евра, што е еквивалент на 100 ДМ и до 3% да им се вратат веднаш средствата на сите граѓани кои побаруваат вакви девизи. Тоа ќе значи од прилика околу 45 милиони ДМ одлив од Буџетот на РМ за оваа година, што беше предвидено при креирањето на Буџетот.

Обврзниците ќе се исплаќаат во денари, а се деноминирани во евра, со што се заштитуваат граѓаните кои ги имаат овие побарувања, во случај последните 10 години да има некаква девалвација и сл. да не ги погоди.

Обврзниците може, покрај тоа што може на денот на наплатата да се наплатат, да се тргува со нив, да се продаваат преку берза. Исто така, може да се купува државен имот и се она што можеше да се купува досега врз основа на девизите што се имаа на книшка, значи, се она што можеше досега со т.н. заробени девизи да се купува и понатаму ќе може да се купува, плус законот предвидува со ова да може да се купува градежно земјиште, да може да се плаќаат долгорочни закупи кон државата и концесии кон државата, што е дополнителна бенефиција за корисникот на овој закон.

Јас толку би кажал, ви ветив дека ќе биде кратко, а во текот на расправата подготвен сум да дадам други објаснувања, ако има потреба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот треба да даде изјава за 2001 година.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Да. Вчера на заедничката седница на комисиите беше дискутирано дали е можно обештетувањето да се започне од следната година, односно грејс период да биде една, наместо две години, вклучувајќи ја и оваа.

Досегашните пресметки не ни дадоа сигурност да одиме од следната година со Законот, да понудиме обештетување, меѓутоа, вчера им го кажав тоа на девизните штедачи и можам пред овој Парламент да го кажам дека, до колку при креирањето на Буџетот за наредната година се изнајде некаков начин да се изнајдат средства и од следната година да се започне ова, ќе се обидеме тоа да го направиме. Меѓутоа, не можеме да дадеме гаранција со закон, со усвојување на амандман и со сигурност да гарантираме дека од наредната година со сигурност ќе се изнајдат средства за вакво нешто.

Сепак, го оставаме прашањето, доколку успееме при креирањето на Буџетот да најдеме средства, да почне и од наредната година и тоа веројатно би било или користејќи еден член каде што се вели дека, Владата може да интервенира со купување обврзници или пак евентуално со вклучување на некој амандман да се делува.

Засега останува она што е понудено од страна на законот и она што во крајна линија вчера беше договорено со сите нас во Комисијата, со штедачите и т.н. и поради што повлечен е и другиот закон.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на министерот за финансии за експозето, во врска со Предлогот за донесување на закон за начинот на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните, по кои гарант е РМ, со Предлог на закон.

Молам, дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа колеги, г-дине претседател, г-дине министер, со оглед на тоа што претходниот Закон за денационализација го усвоивме со така видливо мнозинство и со добро расположение, имајќи на ум дека и за материјата која сега е предложена се водеше или се водела јас не бев никаде сведок - голема и продлабочена расправа, би сакал посебно повикувајќи се на вас г-дине претседател, кога пред малку ги замоливте координаторите тие да дадат став околу Законот и оваа расправа да биде кратка и со точката да завршиме до 15,00 часот.

Тоа беше мојата сугестија, целосно стојам зад законот и ќе гласам за законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Јордан Бошков.

Има збор г-динот Наќе Стојановски:

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, г-дине министер, дами и господа, јас го повлеков законот пред од прилика половина час. Тој беше во процедура во ова Собрание од 13 март оваа година. Тој исто така претендираше да ги реши односите во врска со старото девизно штедење, на начин на кој ви беше презентиран и вие тој материјал го добивте.

Се водеше собраниска расправа околу одредбите и решенијата на тој закон и се дојде на становиште дека треба да се расправа по еден закон, поради целисходност на постапката и од причини што беше видно, прво, дека во процесот на собраниската расправа што се водеше околу тој претходен Закон, покрај решенијата кои беа понудени на парламентарците и од јавноста беа прифатливи пред се од страна на интересентите, кои ги засегнуваа решенијата на тој Закон, а тоа старите девизни штедачи и што на некој начин во стручната изработка на тој Закон беше инволвирана истата Влада на РМ, тоа може да се види и од реалниот документ кој ви е доставен дека претходната, условно да кажам гарнитура во Министерството за финансии со стручни лица го изработи тој закон, јас бев само еден овластен предлагач од нивна страна, користејќи ја уставната и законска можност тој закон да види бел ден овде во Парламентот и во јавноста воопшто.

Мислам дека тој Закон ја постигна делумно својата одредена цел, со тоа што предизвика неговото поднесување во процедурата овде во Собранието, побрз ангажман на надлежните органи да изготват Предлог на закон, кој денес е предмет на расправа овде, затоа што во еден период таа активност околу тоа прашање беше запрена и целта беше тоа.

Второ, послужи како основа одредени решенија да бидат подобрени во текстот на Законот кој денес е на расправа, што е видно и од поднесувањето на амандманите од страна на Владата на РМ, кои се составен дел на интегралниот текст на Предлогот на законот.

Но морам да кажам дека главната причина за повлекување на тој претходен Закон, е одбојноста од страна на парламентарното мнозинство во расправата на комисиите на начинот на кој што беше изразена преку одделни нивни претставници, целосно да застанат зад решенијата на тој закон, или кажано во поинаква форма, нивната подготвеност да застанат зад решенијата на законот кој го понуди Владата, кој е предмет на расправа сега во овој Парламент. Поради сигурната прогноза дека тој закон ќе доживее јалов крај овде во Собранието, тој Закон беше повлечен. Тоа е исто така една од причините што тој Закон беше повлечен.

Во оваа ситуација сакам да кажам само каде беа крупните разлики околу тоа прашање, зад кои целосно застанаа девизните штедачи, изразено преку претставниците на нивното Здружение. Иако е тоа познато на пратениците, повеќе ќе кажам за јавноста и штедачите.

Првото прашање, главното и круцијално прашање е околу каматната стапка. При постојниот закон, кој сеуште е во сила сеуште кога расправаме, а овој не е донесен, а одкако ќе го донесеме и ќе го објавиме ќе престане да важи, на сите девизни штедачи им се признаваше правото на домицилна камата од потекло на валутата од земјата од каде што е, која во споредба со решението што овој Закон сега го има, иако Владата покажа волја тоа да го дуплира условно да кажам, од 1% да стане 2%, да се определи фиксна камата, е по неповолно во однос на тоа решение кое сеуште до денес е актуелно и кое се предвидуваше во тој Закон.

На тој начин, девизните штедачи сметаат дека во вкупниот долг, кој сеуште не е отплатен, од РМ од 1 милијарда и 30 милиони ДМ, дека под тој основ ќе изгубат околу 300 милиони ДМ, неточна проценка туку врз основа на она што беше пресметана камата во претходниот период од 1993 година, од кога е во сила тој Закон и сметаат дека тоа укинување неосновано им се зафаќа. Отаму, останува нивната резерва да го прифатат овој закон, што сега се нуди во интегрален текст онака како што е понуден, но некако кисело - невесело.

Втората работа е практично претворање на нивниот девизен штеден влог во обврзници, кои ќе им се издадат како хартии од вредност, кои ќе бидат темпирани со амортизациониот план во предвидениот период за наредниот 10-годишен период, всушност 12-годишен, затоа што престои мораториум од две години и чинот од она што обврзниците го носат како позитивна страна, тие го признаваат.

Но исто така имаа реагирање и веројатно ќе имаат и понатаму во нивните дискусии околу прашањето за трансформирање на тие нивни девизни книшки во обврзниците, практично тие ги губат правата кои своевремено со изразена автономна волја на договорен начин, ова го нагласувам, со согласност на волјите на

деловните банки своевремено во Македонија, условите кои ги понудиле и штедачите кои ги прифатиле, сега автоматски тие договори паѓаат во вода со овој закон. А добар дел од тие договори предвидувале многу по поволна положба на девизните штедачи, во однос на законското решение што сега се нуди.

Оттаму и дел на мислења, а и мое искажано, јас би сакал ова мислење да го искажам во оваа општа расправа, дека тоа решение во постојниот закон правно може да биде проблематично, затоа што силата на договорната волја што е постигната своевремено меѓу странките, така да кажам условно, меѓу штедачите и деловните банки во РМ и продолжение на актуелниот Закон за гаранција на штедните влогови, кој го акцептира тоа нивно право до ден денешен и додека влезе во сила овој закон, се многу посилни од законското решение кој се обидува тоа да го видоизмени во споредба на силината на изборот, во компарација на нормите што би настанале до колку пројават поединечни штедачи за тоа интерес во натамошниот период. Тоа е едно прашање кое според мене ќе остане и понатаму отворено.

Третото прашање на кое инсистираат штедачите е практично мртвата 2001 година, затоа што во оваа година, во рамките на билансните денарски можности проектирани во Буџетот за 2000-та година од 45 милиони ДМ, а претходно реализирани по стариот Закон дел од тие и престануваат во 2001 година, се прави една пауза за нив неразбирлива, иако самиот закон во начелата кои ги прокламира, трите начела, едното начело е нарушување континуирана исплата на девизните заштеди. Значи, се прокламира начелото во Предлог законот, а внатре во материјалното решението во материјално - правните одредби се прекинува 2001 година, освен ако не се земе исплатата на каматата од 2%, која во случајот би била, а не 1% како што беше порано. И тука може да настане правен спор, доколку се усвои ваквото решение, затоа што начелото е прокламирано.

Третото прашање и слабост на овој закон според мене, е тоа што не се прокламира начелото, при донесувањето на овој закон, за враќање на довербата на граѓаните во РМ во банкарскиот систем. Чудно е зошто тоа начело во законот е изоставено. Оттаму веројатно и дефектот на ваков начин, по мое мислење дефектот што го има овој закон да стане проблематичен и во правна смисла.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Четвртото проблематично прашање е на некој начин да кажам не демократскиот пристап во процедурата на носење со оглед на скратената постапка" се работи за поширок државен и јавен интерес и на голем опфат на граѓани на Република Македонија кое, по мене, беше нужно да биде во една нормална постапка. Начинот на носење во скратена постапка, иако Парламентот легитимно се изрази, нема формални приговори, но мислам дека не е добро промислен чин и дава одредена слабост на законот од аспект на неговата примена во натамошната практика и од неговата прифатливост од оние физички лица кои на некој начин најмногу ги тангира овој закон.

Има и други неусогласености од страна на интересите помеѓу едните и другите и од страна на едниот и другиот закон. Во основа, она што максимално можеше да се постигне во оваа пред пленарна расправа овие 3-4 дена е постигнато и јас исто така ќе го поддржам овој закон, затоа што прави чекор напред во воспоставување на норми со кои ќе се реши проблемот на девизните штедачи во натамошниот период.

Мислам дека една нова Влада, без разлика на нејзината политичка опција, може тоа да биде Влада со иста политичка опција во еден натамошен период по 2002 особено по 2004 - 2005 година, дека нужно ќе може и ќе треба да изврши и да трансформира измени и на овој закон кој денеска би се донел, во смисла за побрзо и поблаго пријатно интересовно решавање на проблемите на девизните штедачи во Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Наќе Стојановски за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Илјаз Сабриу.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас ќе бидам сосема краток за разлика од господинот Наќе, бидејќи тој беше предлагач на едниот закон, а потоа го повлече, со право, бидејќи на комисиите успеавме на некој начин да се усогласиме не во 100%, но во голема мера се усогласивме со паралелниот закон што го предложи Владата.

Мислам дека тој закон денеска е на дневен ред.

Не би сакал да должам, проблемите беа изнесени околу билансите. На првата седница расправавме околу каматата, околу времето на отпочнување на исплатата на овие штедачи, мислам дека Парламентот ќе направи добар позитивен чекор доколку го прифати овој закон, бидејќи на овие обесправени граѓани околу 800 илјади жители, односно оние граѓани кои имаат над 100 ДМ на штедни книшки тоа се околу 250 илјади, би си ги повратиле оние средства кои на некој начин до сега им беа ризикувани во овие банки, а со овој закон мислам дека во голема мера ќе се придонесе кон создавање на позитивна доверба кон банкарскиот систем во Република Македонија и граѓаните ќе почнат повторно да штедат во банките, бидејќи државата, со овој закон, докажува дека е гарант на тие девизи и не можат да се изгубат.

Да не должам многу, бидејќи на комисиите расправавме, па во име на пратеничката група на ПДП, ќе го поддржиме Законот на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. Сабриу за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, Комисијата за монетарна политика и банкарство два пати го гледаше овој закон и настојување да ја отстрани можноста со 2 предлога да се оди на Собранието и во тоа се успеа. Третиот пат работевме заедно со Комисијата за финансирање и буџет. Вкупно нашата комисија потроши 11 часа работа на овој закон. Мислам дека тоа се исплатеше, сакам да кажам дека во суштина сите предлози, како што е сега даден законот со амандманите што Владата ги даде на Комисијата се усогласени, очекувам да биде поддржан од сите пратенички групи и да биде донесен, сакам да ја истакнам работната атмосфера на комисиите и напорот што го направија пратениците без оглед дали припаѓаа на пратеничка група од мнозинството или од опозицијата.

Исто така, сакам да ја истакнам упорноста, настојчивоста и готовноста на министерот да соработува со комисијата и пратениците и флексибилноста што сепак прифати важни работи оти без тоа тешко ќе можевме да се оправдаме пред штедачите. Особено ја ценам трпеливоста на претставниците на штедачите, кои цело време беа присутни и даваа прилог и дадоа согласност на овој текст така како што е сега.

Знаеме дека текстот не ги задоволува сите барања и сите права на штедачите како сопственици, меѓутоа, со тоа што тие го прифатија овој текст, мислам дека покажаа високо разбирање и висока свест за можноста на земјата, за нејзините потреби и на некој начин како и до сега покажаа една висока доза на патриотизам.

Затоа мислам ние денеска овој закон да го усвоиме и со тоа да го затвориме овој круг на обновување на правните рамки, на гарантирање на сопственоста кај нас. Тоа е голема работа и мислам дека овој состав ќе треба да си го памети како еден многу позитивен чекор што го направил. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Андов за учество во расправата, кој навистина ни објасни дека многу темелно се работеле во претресот по овој закон и еве подготвеноста на министерот да прифати доста од одредбите што е за поздравување.

Има уште еден дискутант тоа е господинот Абдулади Вејсели и госпоѓата Наталија Марковиќ - Димова.

Најпрвин има збор г. Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата. Постои една среќна околност што овој Парламент најде консензус околу двата предложени законим еден од Владатам еден од пратеник од ова Собрание и среќна околност е за сите нас што денеска пред овој Парламент излегуваме само со еден предлог, значи останува предлогот на Владата со неколку измени на неколку членови.

Меѓутоа, мислам дека и понатаму остануваат членови на законот кои не се многу децидни, па затоа како пратеничка група ќе поднесеме амандман и во натамошната расправа ќе придонесеме за подобрување на законот.

Ме шокира нешто друго. И претходниот закон што го донесовме - Законот за денационализација, а и овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за исплата на депонираните девизни штедни влогови, роковите за исплата ги тераме до таа мера да дојде некоја наредна Влада па да ги исплати на граѓаните или при крајот на мандатот на овој состав на Парламентот, што значи влегуваме во избори, нема исплата, или

поради некои маркетинзи или останува за идниот мандат, така како што се предлага во законот, па некоја друга Влада ќе дојде, па и таа ќе предлага измени и дополнувања на законите, па и таа ќе ги пролонгира за 3-4 години за наредната Влада и така овие работи ќе одат.

Затоа мислам дека Владата во овој момент треба да предложи решенија кои навистина ќе бидат прифатливи за сите, решенија кои граѓаните, во оваа ситуација штедачите, ќе бидат благодарни на овој Парламент и на предлагачот т.е. Владата дека навистина ќе почнат да земаат нешто од нивните штедни влогови.

Затоа мислам изјавата на министерот, барем се надевам дека ќе почне да се реализира околу 2001 година иако во Законот стои 2002 година, што не е прифатливо за нас.

Јас мислам дека околу овој Закон што најдовме консензус сите пратенички групи во Собранието и ние како пратеничка група, како што кажа претходниот пратеник од нашата пратеничка група ќе биде поддржан, со тоа што се сомневаме во реализирањето и преку амандманите што ќе ги дадеме за скратените рокови за исплата на старите девизни штедни влогови, јас мислам дека ќе биде прифатлив и од овој аспект да не ги гледаме работите секој од своја гледна точка, туку ние сме во интерес на граѓаните, а во овој момент во интерес на штедачите на девизните штедни влогови. Да ги оставиме нашите партиски и политички определби и да не правиме маркетинг, туку да се осврнеме и да бидеме во функција на бранители на девизните штедачи.

Овој закон сега е измена и дополнување, имаше повеќе причини да се донесе законот и тогаш дека Република Македонија стана гарант на дивизните штедни влогови, меѓутоа имаше и многу причини да се донесе овој закон што е денеска на дневен ред, значи измените и дополнувањата, затоа што обврска на Република Македонија беше враќање на старите штедни влогови, па овој Парламент го донесе тој закон кој почна да се реализира, меѓутоа денеска мислиме дека треба да има измени и дополнувања на Законот за враќање на старите девизни штедни влогови.

Барајќи, ова прашање од страна на штедачите да се регулира на некој начин, а и денешниот предлог од страна на Министерството, мислам дека овој предлог трајно ќе ги реши овие проблеми што ги имаат девизните штедачи, па мислам дека и тоа треба да се потенцира дека овој закон е еден континуитет за исплата на девизните штедни влогови и имајќи го предвид прид исплатата сите граѓани, односно штедачи да се чувствуваат рамноправно, а јас се надевам дека со овој закон ќе успееме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г. пратеник Абдулади Вејсели за учество во расправата.

Има збор госпоѓата пратеник Наталија Марковиќ - Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ - ДИМОВА:**

Почитуван господин претседателе, колеги пратеници, почитуван министер, во овој момент се соочуваме со уште еден законски проект кој има релативна сличност со претходниот, односно обештетување на голема група на граѓани.

Битна е усогласеноста и консензусот меѓу политичките партии и координаторите на политичките групи, но дотолку по битно и по приоритетно е тоа што штедачите во средбите со претставници на Владата ги усогласија своите барања со можностите што Владата може да ги вклопи во овој законски проект и сето тоа се изготви во овие рамки во кои задоволството ќе биде на двете страни.

Ставовите и програмските определби на Демократска Алтернатива се насочени во интерес на граѓаните, се насочени во интерес на задоволството на граѓаните и во тој контекст пратеничката група на Демократска Алтернатива ќе го поддржи овој закон и во очекување дека наскоро ќе се вратат заштедените и заработени влогови на граѓаните, а со тоа ќе ја повратиме довербата во правната држава и ќе ја повратиме довербата во банките на Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Наталија Марковиќ - Димова за учество во расправата.

За збор се јави г. пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дозволете на кратко да го кажам нашето мислење за законот.

Сметаме дека е добро што Република Македонија конечно презема чекори во конкретна насока за решавање на овој проблем, кој со овој закон се нудат денеска на седница на Собранието на Република Македонија.

Ние го разгледавме законот со должно внимание, на неколку пати дискутиравме по комисиите, ги изнесовме нашите ставови, позитивно ќе се изјасниме за законот и во врска со тоа нема да поднесеме амандмани, иако би сакале во рамките на законот да го истакнеме следното:

Прво, мислам дека можеби непотребно се создава еден мал јаз помеѓу законот и девизните штедачи, чии претставници во врска со стапката 1% и 2% по основ на обврзниците на долго се расправаше дали е прифатлива или не, сега конечно од билансите на Владата, гледаме дека разликата помеѓу 1% и 2% е на ниво од 6 милиони ДМ годишно, што значи нивната посакувана стапка од 2,5% немаше да биде толку голема разликата и мислам дека ќе придонесеше само со уште неколку милиони долари годишно по ова што од Владата го добивме сега како образложение и кај нив да се јави целосно задоволство и по ова.

Меѓутоа, добро, веројатно ќе го прифатат и вака, затоа што го решава проблемот и не претставува голем проблем.

Морам да кажам дека можеби во оваа насока имаше простор 2001 година да се преземе некоја од обврските ако не 1/10 од отплатата како што е во редовните години на обврзниците, тогаш во секој случај на нивото кое го обезбедува 2000-та година од 3% колку е на девизниот долг на долгот на девизните штедачи, министерот оцени дека ќе го разгледа дополнително тоа и мислам дека би било фер ако таквата изјава формализирана денеска навистина ја разгледа и веќе за неколку месеци во буџетот ќе ја разгледаме, таа математика и може да се реши со последната рата од 20-те рати на обврзници, да се префрли во 2001 доколку е билансно можно.

Она што исто сакам да го кажам е едно гледање што еве до денеска не се расчисти и конечно законот останува со т.н. не материјализирани обврзници, односно со електронски запис за штедачите. Показот од законот при главните прегледи укажуваат дека проблемот со електронизираните обврзници, всушност е проблем на оние штедачи кои имаат голем износ на штедни влогови 50, 100, 200, 500, па дури и милион ДМ нагоре, заради начинот на нивното чување и безбедноста. Меѓутоа, можеби можеше да се направи варијанта во која сите штедачи до 200 илјади ДМ, кои не се толку висок износ, можеа да добијат обврзници и со тоа ќе се расчистеа 850 илјади штедни партии, имајќи предвид дека од нив 650 се расчистуваат оваа година, до 100 ДМ што е незначително, ќе останат 200 илјади за издавање на обврзници, а над тој износ за оние штедачи кои навистина можат да имаат безбедносни проблеми ќе останеа само неколку илјади, според кумулативниот преглед и можеби можеше, меѓутоа тоа не се прифати, да се направи варијанта до која секоја книшка до 20 илјади ќе добие обврзница, а над 20 илјади не материјална обврзница во електронски запис заради безбедноста, меѓутоа, за да не предизвика поголеми проблеми кај штедачите. Меѓутоа, и вака сметам веројатно нема да предизвика технички проблеми.

Прифаќајќи го законот, дозволете на крај да кажам дека, ако не ме сфати погрешно министерот со кој, заради природата на работите, имаме различни видувања, министерот сам кажа во една друга прилика за друг закон, дека Владата треба да скокне во студена вода, мислам дека овој закон и оној претходниот кој сега го усвојуваме покажува дека секое скокање во студена вода не предизвикува веднаш и ефект на пливање, па предизвикува ефект на желба да се извлечеме што побрзо повторно на суво затоа што водата е студена и веројатно од тие причини обврзниците кои се емитуваат по скокањето по студена вода не предизвикуваат дејствие, туку се пролонгираат како во прошлиот случај 2003, а во овој случај 2002 година, значи една или повеќе години после скокањето.

Она што сакав да го укажам со овој пример е дека треба да се води сметка кога се преземаат обврските, нанесуваат сериозни проблеми на буџетскиот баланс во Република Македонија и најдобар доказ за тоа е фактот дека господинот министер за 2001, по двата основи не е подготвен да влезе во сериозна обврска да емитува обврзници и за денационализација и за девизните штедни влогови, што упатува на фактот дека тој товар за Буџетот, иако фигуративно јас го употребувам неговиот збор "скокањето во вода" е храбар чин, после тоа предизвикува сериозни последици за Буџетот и ние не сме подготвени да ги прифатиме првите година или две од донесувањето на законот, па го оставаме да некое понатамошно време во кое евентуално се надеваме дека ќе успееме билансно да го затвориме.

Ќе потсетиме дека и други отворени проблеми се оставаат наследени, долгот на Република Македонија и т.н. и прифаќајќи го овој закон треба да имаме на ум дека не треба да се дозволи, кога ќе дојдат

обврзниците на отплата 2002 и понатаму би требало повторно да се интервенира, заради немање на буџетски биланси за остварување на Законот. Сакаме да укажеме на сериозноста од преземањето на ваквите обврски од страна на Буџетот, затоа што тие по неколку основи се толерираат нашиот Буџет, но сепак таков каков што е, ние водиме политика на намалување на јавните расправи во РМ неколку години.

Сегашната Влада тој принцип го прифати и она од година во година го намалува учеството на јавните расходи, пред се на буџетстката потрошувачка во вкупниот бруто домашен производ и едно балансирање на сите страни би придонело овој закон да доживее реализација, она што г-динот Петар Гошев го кажа за претходниот закон, да не остане само така.

Ние се надеваме дека оваа и некоја друга Влада, нивна или поинаква, ќе може да го спроведе, кога ќе оди денес спроведувањето.

Од сите овие причини што ги набројав, пратеничката група на СДСМ ќе се изјасни за Законот.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Никола Поповски за учество во расправата.

Дами и господа пратеници, зборот си е збор.

Ние рековме дека ќе работиме до 15,00 часот, почитувајќи го барањето на пратеничката група ан ПДП. Они имаат многу значаен состанок во 16 часот и побараа денес да прекинеме со седницата и да продолжиме во среда на 19 април во 11,00 часот.

Притоа, јас во четврток и петок закажав продолжение на седницата за пратеничките прашања, онаа седница која ја прекинавме и рековме дека ќе продолжиме да работиме.

Во среда ние ќе имаме нормална седница, оваа седница ќе ја продолжиме во 11,00 часот, мислам денешната, имаме еве пријавени 4-5 дискутанти, имаме и амандмани и ќе можеме да ја завршиме можеби за 15 минути.

Но, во четврток и петок ќе имаме пратенички прашања, а ќе видиме како ќе се одвива седницата во среда. Ако седницата во среда успееме да ја завршиме, во тој случај четврток и петок ќе има седница за пратенички прашања. Ако не тогаш ќе ги повикам координаторите на пратеничките групи и да се договориме како ќе одиме со пратеничките прашања, дали седницата во среда ќе ја продолжиме наредната недела, а ќе одиме на пратенички прашања или можеби пратеничките прашања ќе ги одложиме за понатаму.

Тоа е прашање на договор, бидејќи гледате дека се води многу квалитетна и широка расправа по многу важни закони. Јас не можам да го предвидам времето ниту пак да предвидам одредени обврски на поодделни субјекти.

Затоа завршувајќи го ова продолжение на Четириесет и втората седница ќе закажувам за во среда на 19-ти во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 14,45 часот).